# АНАЛИЗА:

# ПРИСТАП ДО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

British Embassy Skopje
UKaid from the British people
Република Северна Македонија НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë së Veriut AVOKATI I POPULLIT
Republic of North Macedonia OMBUDSMAN
Отворете ги прозорците
WFD

# АНАЛИЗА:

# ПРИСТАП ДО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје, декември 2023

Издавач

Фондација за демократија на Вестминстер,
Република Северна Македонија

За издавачот:

Дона Костуранова, директорка во земјата

Автор

Кристијан Лазарев,
Здружение за асистивна технологија „Отворете ги прозорците”

Уредничка

Бојана Јовановска

Соработници:

Ина Џугуманова
Стефани Спировска

Во соработка со:

Канцеларијата на Народниот правобранител на Република Северна Македонија – Оддел за заштита на правата на детето и лицата со попреченост

Лектура:

Јасмина Алешковиќ

Дизајн:

КОМА

Година на издавање:

2023

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Практикувај демократија“ финансиран од Владата на Обединетото Кралство, со поддршка на Британската амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите вклучени во оваа содржина не секогаш ги одразуваат мислењата и ставовите на Британската Влада.

7 ПРЕДГОВОР

10 ВОВЕД

12 МЕТОДОЛОГИЈА

17 АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ

17 Меѓународни документи
21 Национална правна рамка
36 Компаративна пракса од регионот
38 Податоци од анализа на прашалници со факултети
56 Анализа на наоди од фокус групи со студенти со попреченост
72 Анализа на наоди од интервјуа со граѓански организации
76 Анализа на наоди од теренски увид

87 ЗАКЛУЧОК

90 ПРЕПОРАКИ

92 Прилог 1:
Инструмент: прашалник за собирање податоци од факултетите

123 Прилог 2:
Листа на факултетите кои доставија одговори на прашалникот

127 Прилог 3:
Листа на факултети на кои беше извршен теренски увид во физичката пристапност

129 Прилог 4:
Листа со интервјуирани граѓански организации и организации на лица со попреченост

# С О Д Р Ж И Н А

# ПРЕДГОВОР

Анализата „Пристап до високото образование за лицата со попреченост во Република Северна Македонија" ја согледува пристапноста до високото образование за лицата со попреченост, поконкретно физичката пристапност на објектите (факултетите) кои се во рамки на државните универзитети, пристапот до информации во пристапен формат (достапна литература), обезбеденоста со асистивна технологија и/или друг вид на индивидуализирана поддршка на студентите со попреченост како и организираниот транспорт до и од факултетите за студентите со попреченост. Дополнително, анализата го разгледува бројот на студентите со попреченост на државните факултети, како и оние кои завршиле додипломски, постдипломски и докторски студии. Покрај тоа што оваа анализа е уникатна од други трудови бидејќи за прв пат детално ги разгледува сите овие прашања, првенстено има за цел да послужи на Народниот правобранител за изработка на Извештај кој ќе содржи приказ на констатираните состојби и конкретни препораки за понатамошни чекори во насока на унапредување на пристапот до високо образование за лицата со попреченост.

Имено, Канцеларијата на Народниот правобранител ги препозна заедничките заложби со Фондацијата за демократија на Вестминстер за поинклузивно општетство за младите и лицата со попреченост и ја покрена иницијативата за изработка на оваа анализа. Канцеларијата на Народниот правобранител како партнер на ВФД активно учествуваше во изработката на инструментите на анализата, а нејзините наоди ќе ги употреби во својата понатамошна работа во насока на подобрување на пристапот до високото образование.

Оваа анализа само ни потврди дека за исполнување на правата и потребите на студентите со попреченост и унапредување на нивната позиција во општетсвото е потребен постојан напор кој бара колективна посветеност и соработка. Едни од клучните податоци со кои надлежните институции мораат да се запознаат и да ги земат предвид се дека: речиси повеќе од половина од факултетите немаат студенти со попреченост или не водат статистика за бројот на студенти со попреченост, најголем дел од предавалните, амфитеатрите, кантините, студентските служби и библиотеките се со ограничена физичка пристапност, ниту еден факултет не ги објавува своите соопштенија, политики и документи во брајов формат, пристапен аудио формат или стандардно писмо во зголемен формат, а само на 10% од факултетите студентите со попреченост формално може да добијат литература во пристапен формат.

Клучен дел од оваа анализа се препораките кои сите надлежни институции треба да ги разгледаат и да ги земат предвид доколку сакаме да создадеме инклузивно општетство во кое сите лица ќе имаат еднаков пристап до образование, вклучително и високо образование.

Изработката на оваа анализа е поддржана преку проектот „Практикувај демократија", спроведуван од Фондацијата за демократија на Вестминстер, а поддржан од Британската амбасада во Скопје.

Им изразуваме благодарност на авторот на анализата Кристијан Лазарев и Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците" како и на канцеларијата на Народниот правобранител кои беа поддршка во целиот процес. Благодарност изразуваме и на Државно училиште за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов" - Скопје кои ги испечатија клучните наоди од оваа анализа на Брајово писмо и овозможија истите да бидат пристапни за лицата со оштетен вид.

Се надеваме дека оваа анализа ќе им послужи на институциите во креирање на следните јавни политики и мерки за поддршка на студентите со попреченост и ќе придонесеме кон овозможување на пристапно општество преку обезбедување на соодветен пристап до високо образование за лицата со попреченост.

**Дона Костуранова**

Директорка во земјата
Фондација за демократија на Вестминстер

**Стефани Спировска**
Програмска менаџерка

**Ина Џугуманова**
Програмска координаторка

# ВОВЕД

Со потпишувањето на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (КПЛП) на Организацијата на Обединетите нации, државата има обврска да обезбеди пристап до високото образование за лицата со попреченост, без дискриминација и на еднаква основа со другите. Притоа, таа треба да користи форми, како разумно прилагодување за лицата со попреченост и да се придржува до меѓународните и националните стандарди за пристапност.

Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците", со поддршка од Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД), преку проектот „Практикувај демократија", а во соработка со Канцеларијата на Народниот правобранител, ја изработи оваа анализа на пристапноста на високото образование во Република Северна Македонија за лицата со попреченост.

Анализата ја мапира состојбата со пристапноста на високообразовните институции во Република Северна Македонија, посочува можности и области во кои е потребно подобрување на состојбата и ја поткрепува работата на Народниот правобранител, во одделот за заштита на правата на децата и на лицата со попреченост.

**Анализата дава преглед на состојбите со пристапот до високото образование за лицата со попреченост во неколку области:**

- физичка пристапност на објектите на факултетите во рамки на државните универзитети,
- пристапот до информации, стручна литература во пристапен формат, обезбеденоста со асистивна технологија и други видови на индивидуализирана поддршка за студентите со попреченост,
- пристапен транспорт до високо образовните институции за студентите со попреченост.

Анализата прави и процена на моменталниот број на студенти со попреченост во сите три циклуси студии на истражувачкиот примерок. На крајот се дадени и конкретни препораки за натамошни чекори на засегнатите чинители во насока на унапредување на пристапноста на високото образование за лицата со попреченост.

# МЕТОДОЛОГИЈА

**За прибирање на податоците за изработка на оваа анализа се користеа квалитативни и квантитативни методи. Притоа, беа креирани неколку истражувачки инструменти, додека наодите и прибраните податоци се сумирани во рамки на 10 главни области**

- Општи информации;
- Статистички податоци за бројот на студенти со попреченост;
- Хоризонтална мобилност на кампусите и низ факултетските згради;
- Вертикална мобилност на кампусите и низ факултетските згради;
- Пристап до информации;
- Пристап до административните услуги;
- Ризици по безбедноста и здравјето;
- Достапност на специфични услуги;
- Пристапен транспорт;
- Останати прашања.

За потребите на ова истражување беа користени неколку истражувачки инструменти за прибирање и анализа на примарни и секундарни податоци.

## АНАЛИЗА НА СОДРЖИНА

Анализата на содржина (деск анализа) опфати анализа на релевантни меѓународни и национални закони и подзаконски акти, како и анализа на статутите на државните универзитети во Република Северна Македонија, од аспект на нивните заложби и обврски за обезбедување на пристапно образование за студентите со попреченост. Во рамките на анализата е вклучен и компаративен приказ на состојбата со пристапноста на најголемиот државен универзитет во Република Хрватска, како позитивна пракса во регионот.

## ПРАШАЛНИК ЗА ФАКУЛТЕТИТЕ, НАМЕНЕТ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ ЗА ПРИСТАПНОСТА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Изработен на македонски и на албански јазик, прашалникот опфати вкупно 72 структурирани прашања и потпрашања, во најголем дел со понудени опции за одговор, со можност за избор на 1 или неколку од понудените одговори. Прашалникот беше изработен во платформата гугл формс (Google Forms), а беше испратен до факултетите во средината на мај 2023 година, отворен за пополнување цел месец, односно до 15 јуни 2023 година. Податоците добиени од него беа анализирани со помош на алатката Мајкрософт ексел (Microsoft excel).

## ФОКУС ГРУПИ И ИНТЕРВЈУА СО СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Како поддршка во пишувањето на анализата се користеа и наодите од спроведените фокус-групи со студенти со попреченост, кои се спроведоаонлајн, преку платформата зум (Zoom) во првата половина од јуни 2023 година. Дел од транскриптот е вклучени во резултатите од анализата. Се користеа полуструктурирани прашалници со рефлексивни прашања, со што вклучените студенти со попреченост можеа да ги споделат нивните искуства од студирањето.

## ИНТЕРВЈУА СО ПРЕТСТАВНИЦИ/ЧКИ НА ОРГАНИЗАЦИИ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ И ДРУГИ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Со цел да се опфати поширока слика за состојбата и можностите за студирање што ги имаат на располагање студентите со попреченост, беа направени и интервјуа со организации на лица со попреченост, како и други граѓански организации кои работат во областа на попреченост и пристапност. Интервјуата беа спроведени преку платформата зум (Zoom) во првата половина од јуни 2023 година, а дел беа спроведени преку платформата гугл формс (Google Forms). Прашалникот за спроведување на интервјуата се состоеше од 5 отворени рефлексивни и визионерски прашања и беа спроведени со истата целна група на испитаници во текот на истиот месец.

## ТЕРЕНСКИ УВИДИ

Теренскиот увид на факултетите беше направен со цел да се увиди реалната слика со физичката пристапност на 17 факултети на 4 кампуси. Увидот се спроведе во првата половина од јуни 2023 година, од страна на тимот од „Отворете ги прозорците“, по претходно добиено одобрение од ректорите. На овие посети беа направени мерења и опсервација на теренот. Беа собрани и фотографски докази, поткрепени со детали за точни димензии и други потребни параметри.

При креирањето на истражувачките инструменти, спроведувањето на теренскиот увид за физичката пристапност и анализата на прибраните податоци како појдовна основа служеа:

1. Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена и

2. Меѓународните ИСО стандарди за пристапност – ISO 21542:2011 (E).

## ЕТИЧКИ АСПЕКТИ

Податоците собрани преку различните методи и инструменти не опфаќаат лични информации. При цитирањето и споделувањето ставови на студентите со попреченост или претставниците/чките на организациите кои учествуваа во истражувањето, исказите ќе бидат анонимизирани. Приложените фотографии од теренскиот увид на физичката пристапност не содржат препознатливи лица.

## ПОЗНАТИ ОГРАНИЧУВАЊА

Покрај напорите при креирањето на методологијата да се избегнат можните ризици при спроведувањето на ова истражување, на тимот од „Отворете ги прозорците" им беа познати извесни ограничувања како: летниот период во кој се спроведуваше истражувањето, кога голем број од клучните чинители користат годишни одмори, бавниот одговор на институциите, како и недостатокот од слични или идентични истражувања за споредување на наодите. Дополнително ограничување претставуваше и онлајн спроведувањето на прашалникот за факултетите, интервјуата и фокус-групите. Овие ограничувања немаат влијание на релевантноста на добиените резултати и предложените препораки.

# АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ

## МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ

### Конвенција на правата на лицата со попреченост (КПЛП)

На 5 декември 2011 година Република Северна Македонија ја ратификуваше Конвенцијата на Организацијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост, која ја потпиша на 30 март 2007 година.[1] Ова е првиот официјален меѓународен инструмент што ја разгледува попреченоста низ призмата на човековите права и го отелотворува нејзиниот социјален модел.[2] Конвенцијата за правата на лицата со попреченост во одреден дел го регулира прашањето за дискриминација врз основа на попреченост. Членот 5 од КПЛП има општа (хоризонтална) применливост што овозможува толкувањето на сите одредби од КПЛП да се гледа преку призмата на недискриминацијата и еднаквоста на лицата со попреченост.

1 Собрание на Република Македонија (2011, декември 5). Закон за ратификација на конвенцијата за правата на лица со инвалидност и Факултативниот протокол кон конвенцијата за правата на лица со инвалидност. „Службен весник на Република Македонија" број 172 од 14 декември 2011 година.

2 Социјалниот модел гледа на лицата со попреченост како на субјекти со свои права, не како на објекти, и затоа става нагласок на почитувањето на нивните права на еднаква основа со другите лица во општеството. Тој се фокусира на бариерите во општеството и средината, кои може да попречат во целосното и делотворно учество на лицата со попреченост во општеството на еднаква основа со другите, а не на индивидуалната оневозможеност, односно попреченост per se.". Види повеќе во: Поповска Ж. (2018). *Толкувач на Меѓународната конвенција за правата на лицата со попреченост на Организацијата на Обединетите нации.* Достапно на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/tolkuvac-un_konvencija.pdf

Од тие причини, државите-членки имаат обврска да го обезбедат спроведувањето на принципот на универзален дизајн и соодветно приспособување.

Од особено значење за оваа анализа е членот 24 од КПЛП, кој го гарантира правото на образование на лицата со попреченост и ја поставува основата за фундаментална промена во пристапот кон образованието, како и членот 9 од КПЛП кој предвидува дека лицата со попреченост имаат право на пристап до сите аспекти на општеството на еднаква основа со другите, вклучувајќи ја и физичката средина, транспортот, информациите и комуникациите и други објекти и услуги обезбедени за јавноста.

Членот 24 ја нагласува важноста од обезбедување на еднакви можности за образование на лицата со попреченост без каква било форма на дискриминација. Во оваа визија за **инклузивно образование**, секој човек, без разлика на способноста, треба да има можност да го достигне својот целосен потенцијал, негувајќи достоинство, самопочит и почитување на човековите права.

Конвенцијата наведува неколку клучни цели за **инклузивен високообразовен систем**. Документот предвидува простор каде што лицата со попреченост ќе можат да ги развијат своите уникатни идентитети, да ја покажат својата креативност и да ги искористат своите способности во најголема мера.

Со цел да се **надминат бариерите за вклучување**, земјите потписнички, вклучително и нашата, се обврзани да преземат конкретни мерки. Мора да се укинат дискриминаторските практики кои им забрануваат на лицата со

попреченост да учествуваат во општиот образовен систем, особено во задолжителното и бесплатното основно и средно образование. Дополнително, потребно е да се обезбеди индивидуите со попреченост да имаат пристап до инклузивно, квалитетно и бесплатно основно и средно образование на еднакви услови со нивните врсници во заедницата.

Суштински аспект на инклузивното високо образование е **адаптирање на образовниот процес на индивидуалните потреби**, односно давање на неопходна поддршка со цел да се овозможи лесно и ефективно учење за лицата со попреченост. Оттука, приспособувањето на образовните стратегии на различни стилови на учење овозможува академски и социјален развој за лицата со попреченост.

Физичката пристапност игра клучна улога во креирањето на инклузивно високо образование. Спроведувањето мерки за подобрување на **физичката пристапност** на образовните институции, како што се обезбедување пристапни патеки, рампи, лифтови и други адаптации, е императив. На таков начин се создава инклузивна средина која им овозможува на студентите со попреченост да имаат соодветен пристап во процесот на високо образование.[3]

Инклузивното високо образование треба да вклучува обезбедување асистенти и наставници/професори кои можат да понудат **индивидуална поддршка за лицата со попреченост,** со користење на соодветни средства и

3 Член 24 од Преамбулата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост

формати за комуникација, образовни техники и материјали за поддршка на овие лица. Соработката со родителите и заедницата е подеднакво важна, поттикнувајќи систем на поддршка што го негува потенцијалот на лицата со попреченост.

Конвенцијата се залага за поинклузивна иднина за лицата со попреченост во нивниот пристап до високото образование. Со прифаќање на нејзините принципи, нашата земја има обврска да преземе чекори и мерки кои би значеле обезбедување на пристап до високо образование на лицата со попреченост на еднаква основа со другите. Сепак, согласно со наодите во оваа анализа, на нашата држава ѝ преостануваат уште бројни предизвици за обезбедување на инклузивно високо образование, за што е потребен постојан напор кој бара колективна посветеност и соработка.

Комитетот за правата на лицата со попреченост (понатаму во текстот: Комитетот) со општиот коментар број 4 за правото на инклузивно образование[4], членот 24 од КПЛП, смета дека и покрај досегашниот напредок сè уште постојат сериозни предизвици, имајќи предвид дека на милиони лица со попреченост им е скратено правото на образование. Под обезбедување на инклузивно образование, според општиот коментар број 4 на Комитетот, се смета приспособување на сите формални и неформални образовни средини на различните потреби и барања на поединечни лица, како и отстранување на сите бариери кои ја оневозможуваат

4 Општ коментар број 4 на Комитетот за правата на лицата со попреченост. Достапно на: https://www.ohchr.org/en/documents/general-comments-and-recommendations/general-comment-no-4-article-24-right-inclusive

таа можност. Инклузијата вклучува пристап и напредок во формалното и неформалното образование без дискриминација.[5]

## НАЦИОНАЛНА ПРАВНА РАМКА

Во овој дел од анализата ќе биде даден преглед на Уставот, како највисок правен акт во државата, како и на домашните законски и подзаконски акти кои ги гарантираат правата на лицата со попреченост како оние кои ги поставуваат стандардите за градба на објектите вклучително и на факултетите, превенцијата и заштитата од дискриминација, правата од социјална заштита, статутите на факултетите и слично.

### *Устав на Република Северна Македонија*

Уставот на Република Северна Македонија им гарантира на граѓаните на државата еднаквост во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните се еднакви пред Уставот и пред законите,[6] а Републиката им обезбедува посебна заштита на лицата со попреченост и услови за нивно вклучување во општествениот живот.[7]

5 Ibid

6 Собрание на Република Македонија (1991, ноември 17). Устав на Република Македонија. Прогласен со одлука број 08-4642/1. Член 9.

7 Ibid

Притоа, одредбата имплицира преземање афирмативни мерки, со цел остварување формална еднаквост, како уставно загарантирана категорија.[8]

## Закон за спречување и заштита од дискриминација

Законот за спречување и заштита од дискриминација дефинира дека лице со попреченост е лице што има долготрајна физичка, интелектуална, ментална или сензорна оневозможеност, кои во интеракција со различните општествени бариери може да го спречат неговото целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите.[9] Овој закон експлицитно ги вклучува лицата со попреченост во широкиот опсег на заштита и неисцрпната листа на основи на дискриминација.

Законот се однесува на сите физички и правни лица и се применува од страна на сите државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа, правни лица со јавни овластувања и сите други правни и физички лица во сите сектори и области.

8 Кочоска, Е. и други (2017). *Анализа на состојбата на лицата со физичка попреченост во Република Македонија.* Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/05/Анализа-насостојбата-на-лицата-со-физичка-попреченост-во-Република-Македонија.pdf

9 Собрание на РСМ (2020, октомври 30). Закон за спречување и заштита од дискриминација „Службен весник на Република Северна Македонија" број 258/20 од 30 октомври 2020 година.

Притоа, забранети се сите облици и форми на дискриминација, вклучително и директната и индиректната дискриминација, повикувањето, поттикнувањето и инструкцијата за дискриминација, вознемирувањето, виктимизацијата и сегрегацијата.

Како потежок облик на дискриминација, Законот ја смета повеќекратната дискриминација, интерсекциската дискриминација, повторената дискриминација и продолжената дискриминација. Законот го дефинира и соодветното приспособување и тоа како неопходно и соодветно изменување и приспособување потребно во одреден случај, кое не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување, а со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите. Законот предвидува дека оневозможувањето на соодветно приспособување претставува дискриминација.

## *Закон за високо образование*

Во стремежот за создавање инклузивен високообразовен систем, Законот за високо образование во нашата земја опфаќа различни одредби кои ги штитат правата и пристапот на студентите со попреченост. Членот 2 во ставовите 19 и 30 ги разграничува дефинициите за „учество“ и „школување“, со посебно внимание на студентите запишани во јавните високообразовни институции финансирани од Владата.

Законот настојува да обезбеди правичен третман, со ослободување на одредени категории студенти, како што се оние без родители, слепи, глуви, лица со попреченост од прва и втора група, мајки со мали деца и хоспитализирани лица, од партиципација и обезбедување на потребните посебни услови. Членот 43 став 10, му дава овластување на Националниот совет да предложи уредба која ќе се однесува на ослободувањето на студентите со попреченост од надоместоци за студирањето. Слично, членот 94 ги обврзува универзитетите да усвојат програми кои обезбедуваат технологија и адаптираат простори за да овозможат еднаков пристап до високото образование на лицата со попреченост.

Во членот 128 од законот, се наведени случаите кога јавните високообразовни институции не наплаќаат партиципација. Ова ги вклучува одредбите за ослободување од партиципација за лица без родители, воени инвалиди и лица со попреченост, како што е утврдено со уредба на Владата. Ваквите мерки обезбедуваат укинување на финансиските бариери, овозможувајќи еднакви можности за сите.

Членот 149 ја регулира процедурата за запишување на студенти и ја нагласува транспарентноста и еднаквиот третман за сите кандидати, без дискриминација врз основа на нивната раса, пол, вероисповед, попреченост и сексуална ориентација.

Покрај стремежот на Законот за високо образование да ги воспостави стандардите кои треба да ги почитуваат високообразовните институции, сепак сè уште постои простор за негово подобрување и допрецизирање на правилата и обврските кои треба да се почитуваат и исполнат, а со цел овозможување на соодветен пристап за студентите со попреченост и создавање на поинклузивна средина за нивно студирање.

Имено, најголемиот напредок во нашата држава во однос на инклузивно образование се забележува со реформата во основното образованието. Донесувањето на новиот Закон за основно образование е првиот чекор кој треба да овозможи инклузивно образование за децата со попреченост заклучно до 2023 година. Законот за средно образование (ЗСО), Законот за високо образование (ЗВО), како и Националната стратегија за образование 2018 -2025 година, не се темелат на сеопфатен и инклузивен пристап и оттука не се во согласност со КПЛП. Дополнително, образовните програми не содржат одредби што би пропишале задолжителност или пожелност на пристапните формати. Меѓутоа, иако нашата држава презеде одредени чекори за воведување на инклузивност во образованието, законската регулатива не предвидува употреба на знаковен јазик и Брајово писмо во образовните институции што повлекува нецелосна инклузија во основното образование.[10]

10 Анализа на состојбата со правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија – 2021 Достапно на: https://www.unicef.org/northmacedonia/media/11711/file/mkd-unprpd-sitan-mk-2022.pdf

## Закон за градење

Законот за градење, кој ги регулира основните правила и критериуми за изградба на објекти, во членот 11 предвидува непречен пристап и движење до и во градба, поточно дека градбите со јавни и деловни намени, градбите со намена домување во станбени згради, како и градбите со станбено-деловна намена, мора да бидат проектирани и изградени така што на лицата со попреченост ќе им се овозможи непречен пристап, движење, престој и работа до и во градбата.[11]

Со донесувањето на законските измени во насока на обезбедување пристапност, сопствениците на изградените објекти со јавна и деловна намена беа должни да ги исполнат условите за непречен пристап на лица со попреченост пропишани со закон, најдоцна до 1 септември 2015 година, а скалиштата во надворешниот простор наменети за јавна употреба, во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон, поточно во 2011 година.

11 Закон за градење („Службен весник на Република Северна Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 279/20 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19 и 18/20)

## Правилник за урбанистичко планирање

Со Правилникот за урбанистичко планирање се пропишуваат стандардите и нормативите за урбанистичко планирање и се дефинираат принципите, начелата и методите за рационално планирање на одржливи населби и градби за уредување и користење на просторот, методите и техниките на урбанистичкото планирање, правното дејство на планските одредби, системот на класи на намени, како и сите заштитни или генеративни стандарди што го обезбедуваат исполнувањето на целите и начелата на урбанистичкото планирање.[12] Со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање пропишани во овој правилник се обезбедува надминување на урбаните бариери за лицата со попреченост и се обезбедува функционална пристапност и мобилност меѓу градбите и подрачјата во и меѓу населените места на сите граѓани, особено на лицата со намалена или отежната подвижност, децата, постарите лица и други.[13]

Правилникот ги дефинира лицата со попреченост како лица со трајни или привремени телесни, ментални и/или сетилни оштетувања или нарушувања, на коишто урбаните и архитектонските препреки им ја намалуваат или оневозможуваат мобилноста, пристапноста кон градбите и подрачјата, а со тоа и учеството во општеството на рамноправна основа и остварувањето на основните човечки права.[14] Дополнително, Правилникот предвидува дека со изработување, доне-

12 Член 1, Правилник за урбанистичко планирање

13 Член 3, Правилник за урбанистичко планирање

14 Член 188 став 2, Правилник за урбанистичко планирање

сување и спроведување на урбанистички планови треба да се обезбедува надминување на урбаните бариери и обезбедување на функционалната пристапност и подвижност на земјиштето за општа употреба, јавните простори, до и во градбите и подрачјата во и вон населените места за сите граѓани, а особено за лицата со инвалидитет и на лицата со намалена подвижност.[15]

## Правилник за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена

Овој Правилник предвидува дека пристапноста, унапредувањето на пристапноста и едноставното приспособување на градбите се обезбедува со проектирање и изведување на тие градби на начин кој содржи елементи на пристапност и/или ги задоволуваат условите за употреба на помагала кои ги користат лицата со попреченост на начин и во случаите пропишани со овој правилник.

15 Член 188 став 1, Правилник за урбанистичко планирање

Правилникот ги дефинира лицата со попреченост како лица со интелектуална и физичка попреченост без разлика на возраста, односно лица со телесни оштетувања кои користат одредени помагала, слепи лица и лица со намален вид, глуви лица и лица со оштетен слух, лица со ментална ретардација, лица со пречки во гласот, говорот и јазикот, аутистички лица, хронично болни лица и лица со повеќе видови на пречки.[16]

Правилникот детално ги поставува сите стандарди кои треба да се почитуваат при изградба на градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена, вклучувајќи ги објектите за предучилишно и училишно образование: детски градинки, основно и средно училиште, установа за образование на возрасни лица, факултет, ученички/студентски дом со најмалку 25 соби со заеднички санитарни единици, ученички/студентски дом од хотелски тип (соба/TWC) со најмалку 25, студентски апартмански населби со најмалку 25 апартмани и слично.[17]

16 Член 4, Правилник за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена

17 Член 5, Правилник за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена

## Статути на универзитетите во РСМ

За потребите на оваа анализа беа анализирани статутите на: Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип[18], Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје[19], Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола[20], Универзитетот „Мајка Тереза" - Скопје[21], Универзитетот „Св. Апостол Павле" - Охрид[22] и на Универзитетот „Тетово" - Тетово[23].

Сите овие статути содржат одредби кои го предвидуваат еднаквиот пристап до високото образование и правата на студентите. Тие предвидуваат можност студентите да имаат право на дополнителни испитни периоди, особено студентите со специфични потреби, како што се оние без родители или со попреченост. Покрај тоа, статутите ја нагласуваат заштитата од дискриминација врз основа на различни фак-

18 Статут на Универзитетот Гоце Делчев – Штип, види повеќе на: https://www.ugd.edu.mk/documents/ugd/statut_na_UGD.pdf

19 Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, види повеќе на: https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/264_STATUT_UKIM-6.6.2019.pdf

20 Статут на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, види повеќе на: https://uklo.edu.mk/wp-content/uploads/2020/10/Statut-na-Univerzitetot-Kliment-Ohridski-Bitola.pdf

21 Статут на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје, види повеќе на:https://unt.edu.mk/wp-content/uploads/2016/12/Buletini-nr.10-05.04.2018.pdf

22 Статут на Универзитет „Св. Апостол Павле" во Охрид, види повеќе на: https://rb.gy/s1ydmo

23 Статут на Универзитет „Тетово" во Тетово, види повеќе на: https://drive.google.com/file/d/1YW-pSJJmZZlHMYP_NknkXsyosvfKDFC7/view

тори како раса, боја, пол, јазик, религија и слично, промовирајќи еднакви можности за сите студенти. Дополнително, тие обезбедуваат механизми за заштита од дискриминација и поддршка на студентите со попреченост преку унапредување на инфраструктурата, на факултетите и на нивно соодветно приспособување.

* * *

Генерално, статутите на универзитетите се слични. И покрај тоа што општо ја регулираат забраната за дискриминација и можноста за дополнителни рокови за полагање за одредена категорија на студенти, она што недостасува е детално регулирање на соодветното приспособување кое е неопходно на факултетите и начините преку кои тоа можат да го направат, потребата од обезбедување на услуги за поддршка на студентите со попреченост согласно со нивните индивидуални потреби, обезбедување на стручна литература во пристапен формат, употребата на знаковен јазик, Брајово писмо, асистивна технологија и слично. Само еден од универзитетите отстапува од она што го пропишува Законот за високо образование и во својот статут предвидува обезбедување на физичка пристапност за своите студенти во рамки на можностите, што е позитивен пример за останатите универзитети.

### Уредба за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање

Уредбата донесена од Владата на Република Северна Македонија за ослободување од плаќање партиципација за студентите со попреченост и други лица има за цел да го олесни финансискиот товар за студирање на лицата со попреченост на јавните високообразовни установи. Согласно со Уредбата, лице со попреченост се смета лице кое има долготрајни телесни, интелектуални, ментални или сетилни нарушувања кои во интеракција со различни пречки можат да го спречат неговото целосно и ефикасно учество во општеството на еднаква основа со другите. При поднесувањето на барањето за ослободување од партиципација за студирање, потребно е доставување на наод и мислење од Службата за функционална проценка при Јавната здравствена установа Здравствен дом Скопје или од стручен орган за видот и степенот на попреченост и посебните потреби на лицето со попреченост.[24]

До јули 2023 година, лицата со попреченост запишани на прв, втор и трет циклус на студии на јавните високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, беа ослободени од партиципација за студирање. Ова значеше дека сите студентите со попреченост кои ги исполнуваа условите имаа право да студираат бесплатно и не се задолжени да плаќаат пар-

24 Член 2, Уредба за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање

тиципација.[25] Со измената на Уредбата донесена во јули 2023 година, само студентите на прв циклус на студии се ослободени од плаќање на партиципација за студирање. [26]

## Правилник за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги лична асистенција

Овој правилник го носи министерот за труд и социјална политика и има за цел да ги дефинира условите и обемот на услугата на лична асистенција, којашто им овозможува на лицата со попреченост да ја добијат неопходната помош и поддршка за независно и рамноправно учество во заедницата и извршување на секојдневните активности.

Личната асистенција се обезбедува преку центрите за социјална работа кои ги покриваат и трошоците за оваа услуга. Поконкретно, услугата лична асистенција се дава од страна на лиценцирани или овластени даватели на социјални услуги, односно физички лица кои вршат работа во социјална заштита како професионална дејност согласно со Законот за социјалната заштита.

25 Член 3, Уредба за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање

26 Член 1, Уредба за измена на Уредбата за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање

Со измените на Законот за социјална заштита, индивидуалната помош и поддршка се обезбедува за лица од 6 години и возрасни лица со намален функционален капацитет. Главната цел на оваа услуга е овозможување на независно и самостојно живеење на лицата, како и нивно активно и рамноправно учество во заедницата.[27]

Лица кои можат да бидат корисници на услугата за лична асистенција се лицата со потешка и најтешка телесна попреченост, како и потполно слепите лица. Ова ги вклучува лицата кои се со значајно намален функционален капацитет и имаат потреба од интензивна помош и поддршка за извршување на секојдневните активности.[28] Вкупното траење на услугата може да биде до 80 часа месечно. Овие часови се користат за обезбедување на индивидуална помош и поддршка во различни ситуации, вклучувајќи ги основните и инструментални активности од секојдневниот живот во домот на корисникот, работното место, образовните установи, центрите за рехабилитација и други места каде што корисникот има потреба од помош. Овие часови можат да се искористат и за активности кои се од интерес за самото лице.[29]

27 Закон за изменување на Законот за социјална заштита, Службен весник на Република Северна Македонија број 163 од 16.7.2021 година

28 Член 3, Правилник за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги лична асистенција

29 Член 4 Правилник за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги лична асистенција

Иако овој правилник го олеснува секојдневното движење и функционирање на лицата со попреченост, со помош на лична асистенција, КПЛП се стреми кон целосна независност и самостојност на лицата со попреченост, а поддршката од трето лице, односно од асистенти треба да се земе предвид како последна опција. Поради високиот степен на непристапност во нашето општество, сега за сега оваа опција се чини како најсоодветна за лицата со попреченост чие функционирање најчесто е зависно од трети лица.

## *Програма за повластено користење на јавен градски превоз*[30]

Програмата заповластено користење на јавен градски превоз ја носи Град Скопје и се однесува на обезбедување бесплатни билети за студентите со попреченост и нивни придружници или асистенти, но е ограничена само во рамките на Градот Скопје. Иницијативата на Град Скопје е да се грижи лицата со оштетен вид, оштетен слух, телесно оштетување, лицата со умерена и тешка интелектуална попреченост, лицата со комбинирани пречки во развојот, лицата со аутистичен спектар на однесување, лицата со лесна интелектуална попреченост до 26 години, бубрежно болните лица под третман на хемодијализа како и старите и изнемоштени лица згрижени во Домот за стари лица „Мајка Тереза" да добијат бесплатен годишен билет за јавен градски превоз, за што треба да исполнуваат определени услови

30 Анализата на оваа програма е базирана на последната јавно достапна програма за повластено користење јавен градски превоз од 2021 година, којашто во меѓувреме можно е да има претрпено одредени промени.

и критериуми. На лицата на кои им е потребна поддршка може да добијат бесплатен годишен билет за јавен градски превоз и за нивните асистенти/придружба, со наод и мислење издадено од надлежен орган во кое ќе има констатација дека им е неопходна придружба или помош од друго лице.

## КОМПАРАТИВНА ПРАКСА ОД РЕГИОНОТ

Покрај одредени предизвици кои сè уште постојат, Република Хрватска, поконкретно Универзитетот во Загреб може да се истакне како позитивна пракса во регионот, бидејќи има направено значаен исчекор во унапредување на правата на студентите со попреченост. Имено, универзитетот нуди поддршка за студентите со попреченост и за оние кои имаат тешкотии во учењето, преку обезбедување на асистивна технологија: Брајово писмо, електронски лупи, џебни рачни скенери, калкулатори за гласовно зборување, лаптопи и слично, додека пак студентите кои се движат со помош на количка можат да поднесат барање за употреба на бесплатни услуги за превоз со комбе, превоз кој се спроведува преку Градот Загреб.

Студентските домови се приспособени за студенти со попреченост, а општината обезбедува и 24 часовна поддршка во дел од студентските домови за оние студенти кои имаат потешки форми на физичка попреченост.

Покрај ова, Универзитетот во Загреб има формирано и канцеларија за студенти со попреченост која функционира како централно координативно тело за обезбедување

на формална поддршка на студентите, додека за индивидуалните потреба на студентите, од поддршка можат да им бидат и координаторите за поддршка на студенти со попреченост. Во дел од градовите каде се наоѓаат поголемите факултети, функционираат и здруженија за студенти со попреченост кои обезбедуваат специфични форми на формална поддршка во согласност со индивидуалните потреби на студентите.

Универзитетот редовно ги објавува информациите за студентите со попреченост на својата веб-страница, а информациите ги споделува и преку воведните предавања на факултетите каде на студентите-бруцоши им се претставува и службата за обезбедување на формална поддршка. Студентите со попреченост, но и оние кои имаат тешкотии во учењето, имаат можност на индивидуален начин да ја следат наставата и да ги полагаат испитите, согласно со нивните потреби, со што универзитетот соодветно се приспособува.

Покрај позитивната пракса која е истакната во оваа анализа и може да се земе за пример од страна на домашните универзитети и факултети, несоодветната и неприспособена инфраструктура на дел од факултетите, недоволно приспособени возила за превоз, несензибилизираниот кадар на дел од факултетите и некои останати предизвици сè уште претстојат во Хрватска со цел обезбедување на што поинклузивен и поприфатлив образовен систем за студентите со попреченост.[31]

31 Види повеќе на: https://hrcak.srce.hr/file/361773 и https://www.unizg.hr/studiji-i-studiranje/podrska-studentima/ured-za-studente-s-invaliditetom/oblici-potpore/

## ПОДАТОЦИ ОД АНАЛИЗА НА ПРАШАЛНИЦИ СО ФАКУЛТЕТИ

Прашалникот наменет за факултетите беше испратен до вкупно 67 факултети, од кои 40 беа опфатени во анализата. Вкупниот број на катедри/институти/оддели на сите 40 факултети изнесува 240. Прашалникот беше испратен со цел прибирање на информации за физичката пристапност на објектите на факултетите кои се во рамки на државните универзитети, достапната литература во пристапен формат обезбеденоста со асистивна технологија и/или друг вид на индивидуализирана поддршка за студентите со попреченост како и евалуација на бројот на студенти со попреченост во сите три циклуси на студии.

Мнозинството факултети кои одговорија на прашалникот постојат во просек по 35 години. Вкупниот број на моментално вработени лица со попреченост на факултетите во административниот дел и во наставниот кадар (асистенти, доценти, професори и др.) е 4.

## Статистички податоци за студенти со попреченост

На факултетите опфатени со анализата се запишани вкупно 21.048 студенти во прв циклус на студии, 2.443 студенти на втор циклус и 1.132 студенти во трет циклус на студии. Само 45 студенти или 0,21% од студентите во прв циклус на студии се со попреченост, 2 во втор циклус и само 1 студент на трет циклус на студии.

**Табела број 1**

| | Циклус Прв | Циклус Втор | Циклус Трет |
|---|---|---|---|
| Вкупен број студенти | **21.048** | **2.443** | **1.121** |
| Студенти со попреченост | **45** (0,21%) | **2** (0,08%) | **1** (0,09%) |

Според одговорите на факултетите, студентите кои се вклучени во високо образование имаат најразличен вид на попреченост, од кои претежно се студенти со телесна попреченост (15%) и друг вид на попреченост (15%). Според одговорите, на универзитетите нема студенти со интелектуална попреченост.

Каков вид попреченост/тешкотии во учење имаат овие студенти?




40 одговори

Најголем број факултети (55%) одговориле дека факултетот не води статистика за бројот на студенти со попреченост или дека во моментот нема запишани студенти со попреченост. Во периодот од јануари 2021 до мај 2023, вкупно 10 студенти со попреченост завршиле прв циклус на студии, а на втор и трет циклус студии завршил само по еден студент со попреченост. Двајца од студентите биле со оштетен вид, еден со оштетен слух, еден со тешкотии во учењето, шестмина со телесна попреченост, еден со даунов синдром, двајца со церебрална парализа, а шестмина со друг вид попреченост. Најголем процент од добиените одговори (55%) укажуваат на тоа дека факултетите не водат евиденција за видот на попреченост што го имале студентите или дека факултетите немале студенти со попреченост што ги завршиле студиите.

## Хоризонтална мобилност на кампусот и низ факултетските згради

(Не)обезбедената хоризонтална мобилност/хоризонтална навигација најмногу ги засега лицата со телесна попреченост, но во поголема или помала мера ги засега и лицата со други видови попреченост, како лицата со оштетен вид. Во рамките на оваа анализа, во делот хоризонтална мобилност, беа земени предвид сите отворени и затворени хоризонтални површини и простории на факултетските кампуси и во факултетските згради.

Најголем број од факултетите, односно 55% на прашалникот одговориле дека имаат обележани паркинг-места за лица со попреченост, од кои 82% имаат целосно непречен пристап од паркингот до сите објекти во факултетот, а 18%

имаат делумно непречен пристап. 45% од факултетите одговориле дека немаат пристап меѓу паркингот и факултетот за лица со попреченост, немаат обележани паркинг-места или немаат сопствен паркинг.

Согласно со сите меѓународните стандарди за пристапност, потребно е на факултетите да има широк простор којшто би бил што е можно поблиску до главниот влез од зградите на факултетот, со цел студентите со попреченост да може да патуваат со такси или комбе кое би ги оставило блиску до влезот. Во оваа насока, 85% од факултетите одговориле дека имаат широк простор каде може да застане такси или комбе и безбедно да остави патник- лице со попреченост и тој е поблиску од 50 метри до главниот влез на факултетските згради. Само 42% од факултетите кои имаат ваков простор за застанување одговориле дека имаат поставено тактилна патека што води до сите факултетски згради во кампусот. Останатите 58% немаат поставено тактилна патека меѓу местото за застанување/главниот влез на кампусот и факултетските згради, со што до одреден степен е доведена под прашање самостојноста на студентите со оштетен вид.

70% од факултетите имаат целосно соодветен простор по кој може да се движи лице во количка. 30% од факултетите имаат простор по кој може да се движи лице во количка само до некои згради, но до некои делови дворот на кампусот не е пристапен.

Во поголем дел од факултетите вратите се пристапни, поточно 52,5% од факултетите одговориле дека вратите се отвораат кон надвор. Нема факултет каде што вратите се отвораат ротирајќи, што е најмалку пристапен начин. Рачките на вратите на факултетите се целосно физички пристапни

на 97,5% од факултетите. Формата на рачката на вратите е многу важен елемент за лицата со ограничена мобилност на горните екстремитети, особено за оние со нарушена фина моторика на дланките. На 30% од факултетите, вратите се иста или слична боја со ѕидовите што е особено отежнувачко за студентите со делумно оштетен вид како и за студентите со некои когнитивни нарушувања.

Според добиените одговори, ходниците се целосно пристапни на 87,5% од факултетите кај нас. Оние потесни од 1.2 метри претставуваат сериозна бариера за студентите што користат количка за движење. Стандардите за пристапност предвидуваат ширина на ходникот што би требало да не е потесна од 1.8 метри. На 45% од факултетите има прагови и скали што би ги спречиле студентите со попреченост да се движат низ нив.

Повеќе од половина, односно 67,5% од факултетите одговориле дека воопшто немаат пристапен тоалет за студентите со попреченост. За пристапен се смета оној тоалет каде што има најмалку 120 сантиметри пред веце-школката и најмалку 60 сантиметри од едната страна на веце-школката, држачи покрај веце-школката, врата што се отвора кон надвор и висечки мијалник под кого може да има простор за дел од ортопедска количка.

Голем дел од предавалните, амфитеатрите, кантините, студентските служби, библиотеките и слично се со ограничена физичка пристапност за студентите со телесна попреченост, оштетен вид и оштетен слух.

## Вертикална мобилност на кампусот и низ факултетските згради

Како хоризонталната, така и вертикалната мобилност е од суштинско значење за студентите со телесна попреченост, а со помало значење за студентите со друг вид попреченост. За вертикална мобилност се смета секое премостување на поголеми висински разлики, без разлика дали тоа се прави со скали, рампа, лифт или на друг начин.

40% од факултетите сметаат дека имаат пристапни рампи, 30% дека имаат делумно пристапни рампи и 30% дека немаат соодветни рампи. Скалите низ факултетите во најголем дел не се целосно пристапни, односно недостасува соодветен ракофат за придржување, па така 40% од факултетите одговориле дека имаат скали со држач/ракофат од двете страни, а 42,5% дека имаат држач/ракофат само од едната страна на скалите.

Дали на влезот од зградата на вашиот факултет има соодветни функционални рампи за пристап со ортопедска количка за лица со телесна попреченост?




- Да, има соодветни рампи на сите влезови од сите објекти
- Да, но не на сите објекти и влезови
- Не, нема соодветни рампи на ниеден од влезовите

40 одговори

Кога станува збор за вертикалната поставеност на факултетите, особено е важно факултетите кои се на повеќе катови да имаат лифт. Дури 55% од факултетите одговориле дека немаат лифт, иако факултетот е на повеќе катови, а само на 22,5% има соодветен лифт што оди до сите катови. 17,5% од факултетите навеле дека не е потребен лифт, бидејќи зградата е на едно ниво. 90,9% од факултетите кои имаат лифт одговориле дека лифтот е речиси секогаш во употреба, над 95% од времето. 45% од факултетите одговориле дека имаат брајови ознаки во лифтовите, 73% дека имаат држач и 91% дека имаат огледало. 81,8% од факултетите одговориле дека имаат пристапни врати кои се отвораат автоматски и не создаваат дополнителен напор за лицата во количка и лицата со намалена моторичка функционалност.

Дали во факултетот има лифт со минимум димензии 1.1 x 1.4 метри?




40 одговори

## *Пристап до информации*

Нееднаквиот или поточно ограничениот пристап до информации ги засега сите студенти со попреченост, попречувајќи го остварувањето на нивното право на високо образование. Ова истражување анализира повеќе аспекти во пристапот до информации на студентите, вклучувајќи ги физички прикажаните информации, како натписите и писмените соопштенија, но и современите дигитални начини на споделување на информации.

На 72,5% од факултетите натписите низ факултетот се само визуелни, на 15% натписите се неусогласени и се разликуваат еден од друг, а само на 10% од факултетите покрај визуелниот текст има и визуелни графички симболи.

На каков начин се обележани клучните простории низ факултетот како просторијата за студентски прашања, кабинетите, амфитеатрите, предавалните, тоалетите, канцеларијата на деканот итн.?




40 одговори

Обележувањето само со визуелно напишан текст, како и различните начини на обележување се најнепристапни за студентите со попреченост. Само визуелниот текст ги исклучува во целост студентите со оштетен вид, до одреден степен студентите со оштетен слух, но и другите студенти на кои графичките симболи им помагаат, како на оние со дислексија. Нестандардизираниот начин на обележување е умерена бариера за студенти со различни когнитивни предизвици и ограничувања.

35% од факултетите одговориле дека во целост или делумно се употребуваат црвената, зелената и сината боја. Употребата само на овие бои има голем ризик да претставува бариера за оние студенти со далтонизам и други форми на неможност за перцепција на боја.

52,5% од факултетите одговориле дека имаат шалтери повисоки од 80 сантиметри што не се соодветни за користење од страна на лица во количка.

Дали шалтерите во службата за студентски прашања се повисоки од 80 сантиметри?




- Не, сите шалтери се со висина до 80 см и со можност за нивно користење од лице во ортопедска количка
- Да, но има дел што се високи до 80 см и можност за користење од лице со ортопедска количка, но и дел што се повисоки
- Да, сите шалтери се повисоки од 80 сантиметри и без можност за нивно користење од лице во ортопедска количка

40 одговори

Високи 95% од факултетите се изјасниле дека немаат поставено систем што го засилува гласот на администраторот кој му зборува на студентот. Ова претставува сериозно ограничување за студентите со делумно оштетен слух, коишто, иако генерално можат да комуницираат по вербален пат, отсуството на овој систем може да ги направи зависни од трето лице кое ќе треба да им биде од поддршка во вакви ситуации.

Иако имаат веб-страница, 72,5% од факултетите одговориле дека никогаш ја немаат тестирано дали е пристапна за студентите со попреченост.

Ниту еден од факултетите не навел дека ги објавува своите клучни соопштенија, политики и документи во брајов формат, пристапен аудиоформат или стандардно писмо во зголемен формат. Единствени формати во кои тие наведоа дека ги објавуваат овие документи се во пристапен дигитален формат (40% од факултетите) и на стандарден начин (65% од факултетите).

## Пристап до административни услуги

Пристапот до административните услуги може да биде ограничен не само од физичките бариери поставени во одделите за студентски прашања, туку и од сложеноста на самиот административен процес. Недостатокот на ангажиран персонал, кој ќе им помогне на студентите со попреченост во пополнувањето на често непристапните хартиени формулари, апликации и барања, уште повеќе ја отежнува ситуацијата. Во последно време, со сè поголемиот број на административни услуги што се преместуваат на дигитални

платформи, се појавува нов сет предизвици за студентите со попреченост.

Дури 82,5% од факултетите изјавиле дека користат електронскиот систем за администрација, но истовремено истата документација треба да биде поднесена и во хартиена форма од страна на студентите. 56,4% од факултетите никогаш не го тестирале електронскиот систем за административни работи во кој студентите со попреченост треба да ги запишуваат предметите, додека 38,5% изјавиле дека редовно го тестираат системот при секое негово ажурирање.

## Ризици по безбедност и здравје

Освен што служи како препрека и ги ограничува студентите со попреченост целосно и непречено да уживаат во нивното право на високо образование, необезбедената пристапност претставува умерен до значителен ризик за нивната безбедност и здравје. Во овој дел од истражувањето, преку одговорите на факултетите, претставена е анализа на можните ризици од необезбедената пристапност и нејзините последици за студентите со попреченост.

40% од факултетите имаат застаклени простори каде стаклото не е означено соодветно, што може да претставуваат ризик по студентите кои имаат оштетен вид. Најголем дел (75%) од факултетите немаат поставени тактилни патеки пред почетокот и по завршувањето на скалите, што е ризик за студентите кои може да се стекнат со сериозни телесни повреди, во случај на недостиг од вакви предупредувачки ознаки кои треба да се правилно поставени по ширината на скалите. На 70% од факултетите нема ниту визуелни ознаки

на скалите, додека на 17,5% од факултетите вакви ознаки има само на некои од скалите.

Висечките елементи, како бетонски скали, балкони и слично, претставуваат сериозен ризик за студентите со оштетен вид, бидејќи помагалото што тие најчесто го користат - белиот стап, заштитува од физички бариери што се наоѓаат единствено во долниот дел од телото. Позитивно е што поголем процент од факултетите, поточно 47,5% од нив немаат вакви висечки елементи, на 22,5% има само во некои објекти, но тие се заштитени и означени, а на 20% од факултетите има вакви елементи секаде, но се означени и заштитени.

70% од факултетите имаат под во една боја, што претставува најдобра опција имајќи предвид дека некои студенти со фотоепилепсија движејќи се и гледајќи во под, со извесни комбинации на контрастни бои, може да добијат епилептични напади.

Во поглед на безбедноста, подеднаков процент од факултетите 42,5% имаат, односно немаат поставено аларм за итни случаи. На 69,6% од факултетите кои имаат аларм, истиот е функционален во сите објекти. На 56,5% алармот е само звучен, а на 30,4% од факултетите е и звучен и визуелен. Доколку алармот е само звучен, се исклучуваат студентите со оштетен слух, додека кога е само визуелен од информирањето за опасноста се исклучуваат студентите со оштетен вид.

Половина од факултетите (50%) имаат само визуелен план за евакуација при случај на поплава, пожар или други природни непогоди, а на 30% од факултетите планот е во лесно читлив формат.

## Достапност до специфични услуги на факултетите

Во развиените земји, овие неопходни услуги вообичаено се обезбедуваат преку канцелариите кои нудат услуги за лица со попреченост и опфаќаат: овозможување на стручна литература достапна во пристапни формати, нудење асистивна технологија, овозможување на дополнително време за полагање на испит, обезбедување испити во достапни формати, нудење помош при земање белешки, обезбедување на толкување на знаковен јазик и нудење обука за ориентација и мобилност на кампусот. Овој дел од истражувањето го анализира степенот на достапност на дел од овие услуги и пристапот што се користи за да ги направи достапни за студентите со попреченост.

80% од факултетите немаат ниту назначено лице што може да им биде од поддршка на студентите со попреченост, ниту пак канцеларија која може да нуди услуги за поддршка. Со други зборови, тие на никаков начин не нудат поддршка на оваа категорија на студенти. Само 10% од факултетите имаат назначено лице за поддршка на студентите, а 7,5% од факултетите имаат склучено соработка со надворешен центар за поддршка на студенти и по барање на студент со попреченост факултетот ги обезбедува овие услуги преку тој надворешен субјект. 75% од факултетите кои нудат вакви услуги ги информираат студентите за можноста на нивно користење.

Дали факултетот има развиено барем една форма на специфична услуга за давање поддршка на студентите со попреченост запишани на него, како што се обезбедување стручна литература во пристапен формат, обезбедување асистивна технологија, обезбедување дополнително време при полагање, обезбедување тест во пристапен формат, обезбедување лице за фаќање забелешки, обезбедување знаковен толкувач, обезбедување тренинг за ориентација и мобилност низ кампусот и сл.)?




- Не, факултетот нема ниту назначено лице ниту формиран функционален центар за поддршка на студентите со попреченост, ниту, пак, склучена соработка со надворешен центар за поддршка на студентите со попреченост
- Да, факултетот има барем едно назначено вработено лице што дава поддршка на студентите со попреченост запишани на него
- Не, но факултетот има склучено соработка со надворешен центар за поддршка на студенти и по барање на студент со попреченост факултетот ги обезбедува овие услуги преку тој надворешен субјект
- Да, факултетот има канцеларија/оддел/формиран функционален центар за поддршка на студентите со попреченост запишани на него

40 одговори

На 50% од факултетите кои наведоа дека обезбедуваат некаква форма на поддршка на студентите со попреченост, нема начин како студентите со попреченост да побараат од факултетот да им обезбеди стручна литература потребна за студирањето во пристапен формат. 25% тоа го прават преку лице назначено за таа цел, додека други 25% тоа го прават преку постапка која е автоматизирана. Само на 10% од факултетите студентите со попреченост формално може да добијат литература во пристапен формат (аудио или дигитален формат). Ниту еден факултет не обезбедува литература на Брајово писмо или во стандардно писмо отпечатено во зголемен формат. 75% од факултетите не обезбедуваат лице кое може да помогне со фаќање на забелешки за студентите со попреченост, додека 25% тоа го прават, но многу ретко.

Во каков формат студентот може да ја добие стручната литература и учебниците потребни за студирање?




4 одговори

Само 10% од факултетите обезбедуваат асистивна технологија за студентите на кои таа им е потребна, додека сопствена асистивна технологија студентите смеат да користат на предавањата на 15% и на полагањата на 17,5 % од факултетите. 17,5% од факултетите секогаш дозволуваат дополнително време за полагање на испитите на студентите со попреченост, а само 15% од факултетите секогаш обезбедуваат тестови во пристапен формат.

Дали факултетот обезбедува асистивна технологија за студентите со попреченост за време на нивното студирање на него?




8 одговори

Дали Факултетот за студентите со попреченост на кои им е потребен тест во пристапен формат им го обезбедува тоа?




8 одговори

Најголем дел од факултетите (85%) од факултетите не обезбедуваат посебна просторија и дополнителен термин за испит за оние студенти со попреченост за кои е потребно тоа приспособување. 90% од факултетите никогаш не обезбедуваат толкувач на знаковен јазик и не обезбедуваат тренинг за мобилност и ориентација.

На 85% од факултетите нема формално назначено лице во студентската служба кое треба да им асистира на студентите со попреченост во административните процедури, а 10% од факултетите што обезбедуваат вакви специфични услуги ги финансираат од сопствениот буџет, додека 12,5% ги финансираат од буџетот на универзитетот.

### Останати прашања

90% од факултетите во изминатите 5 години не добиле барање за обезбедување пристапност/претставка/жалба од студент со попреченост за каква било услуга, а останатите 10% од факултетите не чуваат/архивираат такви податоци. Овие податоци укажуват на тоа дека студентите не се запознаени со нивните права и/или со механизмите како да побараат нивна заштита или едноставно со можноста да побараат поддршка за време на нивниот процес на студирање. Покрај овие загрижувачки податоци, 87,2% од факултетите изјавиле дека се спремни да ги следат инклузивните образовни политики на државата и да ги подобруваат правата на студентите со попреченост.

## АНАЛИЗА НА НАОДИ ОД ФОКУС ГРУПИ СО СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

За целите на ова истражување беа спроведени две фокус групи и едно интервју со вкупно 10 студенти (5 жени и 5 мажи) со попреченост, на возраст помеѓу 21 и 33 години. Фокусот групата беше спроведена во втората половина од јуни 2023 година. За оваа цел се користеше полуструктуриран прашалник, кој содржеше рефлексивни прашања, со што вклучените студенти со попреченост имаа простор да ги споделат нивните искуства за време на студирањето.

## Пристапен транспорт

Студентите со попреченост наведоа дека најчесто користат автобуски градски превоз или такси (6 од 10 студенти). Другите студенти користат организиран превоз и специјализиран превоз за лица со телесна попреченост на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје (ЈСП).

> *„Јас патував со комбе од ЈСП. Тоа функционира, иако половина од тие комбиња се расипани, но ајде, барем го имаме како опција. За оваа услуга 1 ден порано треба да се извести службеник што работи во ЈСП. Е сега, има две комбиња, едно што се користи за студенти и ученици, а друго комбе има за на повик, на пример, утре ако ми треба да ме однесе на работа, се најавувам и тоа доаѓа, ме зема и ме враќа потоа дома. Мислам дека ова постои како услуга само за лица со телесна попреченост, но не сум сигурен, треба дополнително да се праша“.*[32]

Студентите кои користат превоз со сопствени возила наведоа дека најголем проблем е хаотичниот сообраќај и недостигот на слободни паркинг места.

Најголем дел од студентите што го користеле редовно автобускиот превоз, се соочиле со неговата непристапност.

32 Изјава на студентка на фокус група

*„Јас како проблем со превозот што би го истакнала е тоа што ако некогаш требало да одам сама, тогаш морало да одам со такси затоа што нели нема звучна сигнализација во автобусите, така што кога требаше да одам до факултет и немаше кој да биде со мене, морав да одам со такси“.*[33]

Немањето на соодветна звучна сигнализација е главен проблем и предизвик со кој се соочуваат студентите со целосно оштетен вид кои од овие причини се оневозможени да патуваат самостојно со автобус. Од нивните искази се забележува дека тие, поради непристапниот транспорт, се изложени на дополнителен финансиски товар за такси услуги или пак за ангажирање на лични асистенти. Личната асистенција како услуга која ја обезбедува државата е во времетраење од 80 часа месечно, а често не е достапна за лицата со попреченост.

Од друга страна, за студентите со телесна попреченост бариера за користење на јавниот градски превоз е честата нефункционалност на рампите во автобусите и нивно поставување од страна на возачите само кога тоа е по нивна волја.

33 Изјава на студентка на фокус група

*„Инаку автобусите што ги користев, овие што се возат по Скопје се доволно широки за да влезе количка во нив, рампата обично не функционира. Ако има лице со количка што сака да влезе во автобус тогаш возачот мора да излезе, да отшрафи нешто и потоа да ја намести рампата. И тоа некои шофери го прават, некои не, зависи од човекот и од расположението“.*[34]

Студентите кои се со полесни форми на попреченост или студенти кои студираат во други градови надвор од Скопје споделуваат и позитивни искуства од користењето на јавен градски превоз.

*„Бидејќи Штип е мало место и зградите на факултетот беа распределени на повеќе места, имавме едни предавања во кампус 2, а вежби на друго место па поради тоа се организиравме со колегите, тие неколку што бевме што се дружевме уште од првиот семестар, одевме со такси, пешачевме, понекогаш одев и сам, такси ретко фаќавме, обично кога имаше дожд. Имавме предавања уште и на едно место во зградата на Текстилната (средна школа), третиот кат беше на факултетот таму...*

34 Изјава на студентка на фокус група

> *Во глобала јас поминав одлично таму овие неколку години. Беше близу, а и таксито кога ми требаше беше 50-60 денари за каде и да ми треба да отидам“.*[35]

Сите студенти, без разлика на нивната попреченост, споделија дека се соочиле со бариери во пристапот до транспорт што укажува на тоа дека транспортот до и од факултетите за студентите со попреченост сè уште не е пристапен. Тие најчесто се зависни од други лица без кои не би можеле безбедно да се движат.

## Хоризонтална мобилност на кампусот и низ факултетските згради

Хоризонталната мобилност најмногу ги засега студентите во количка и студентите со целосно оштетен вид. Оние што се со оштетен слух, делумно оштетен вид и ограничена мобилност само на горни екстремитети кажуваат дека и надвор од факултетот и во факултетот движењето им е без позначителни потешкотии и проблеми.

35 Изјава на студент на фокус група

> *„Кај мене на факултет ставија нешто како тактилни патеки последниве 2 години, пред да завршам. Единствено во првата година одев на некои предавања и тогаш ми беше проблем да наоѓам простории, предавални, но пак бев со човек. Ќе ја прашавме координаторката на Институтот која секогаш беше коректна и ни даваше насоки. Сепак мислам ако требало самостојно да се движам низ факултетот би ми било проблем“.*[36]

Од самите фокус групи може да се забележи дека дел од студентите, доколку немале помош од нивните блиски роднини, пријатели, асистенти и слично да им помагаат со движењето до и низ факултетот, не би можеле да бидат независни и самостојно да се движат.

## Вертикална мобилност низ кампусот и факултетските згради

Според податоците од добиените одговори на фокус групите, вертикалната мобилност е најмногу ограничена за студентите со телесна попреченост. Студентите со телесна попреченост поради немање на соодветна пристапност барале од професори соодветно приспособување за полагање на испит во објект кој е пристапен за нив.

36 Изјава на студент на фокус група

*„Низ дворот и во централната зграда на факултетот беше супер, имаше лифт. Но јас учев на Институтот за социјална работа и политика, што беше во посебна непристапна зграда, па морав да молам професори да полагам во главната зграда на факултетот."*[37]

*„На мојот факултет во дворот има пристап за лице во количка, тоа е добро, но за да се стигне до предавалната каде што треба да бидат моите предавања тоа е невозможно. Може да се дојде само до првиот кат, таму има рампа и рампата е добра, но тоа е само до првиот кат каде што е друг факултет. Првиот и вториот кат се целосно непристапни. Дури имаше и знак за забрането за корисници на количка, онака навредливо дури, пречкртано."*[38]

Дел од студентите споделија и позитивни примери во однос на вертикалната мобилност на факултетите.

37 Изјава на студент на фокус група

38 Изјава на студент на фокус група

*„Да, јас сепак често и скалите ги користев, но тогаш кога ќе почувствував замор знаев да го искористам и лифтот кој генерално работеше. Друго позитивно е тоа што ставија како рампа во холот што е за дружење, бидејќи таму порано немаше пристап. Е сега, изгледа тоа функционира само за 3-ти декември за денот на лицата со попреченост поради организирање на настани по повод тој ден... Дали само за тоа ќе се користи, не знам, не би сакал да зборувам така, но од тие неколку пати што бев таму не сфатив дали самостојно може да се користи."*[39]

Во поглед на вертикалната мобилност, според исказите на студентите, може да се заклучи дека таа сè уште претставува сериозна ненадмината бариера, иако во последните години и самите тие забележуваат мали позитивни промени.

## Пристап до информации

Речиси никаде не се поставени информативни табли напишани со Брајово писмо, поставени на соодветна локација и висина, а повеќето од студентите особено оние со оштетен вид истакнаа дека никогаш не биле запознаени со евакуациски план или мапа. Дел од студентите истакнаа дека веб-страниците им се од многу голема помош во пристапот

39 Изјава на студент на фокус група

до информации што упатува на потребата универзитетите и факултетите редовно да ги ажурираат нивните веб-страници и таму да ги споделуваат сите информации.

## Пристап до административни услуги

Студентите во најголем дел споделија дека само благодарение на нивни блиски луѓе успеале да се запишат на факултет.

> *„Воопшто не е лесно да се спроведе целиот тој процес на собирање на потребната документација за упис, дополнително да се размислува за сместување и дали тоа би било пристапно или не, да се пополнуваат потребните уплати, да се најде пристапно место за сликање за сликите во индексите, сликите за градскиот превоз итн.“*[40]

Овие студенти сметаат дека постоењето на центар/канцеларија за поддршка на студенти со попреченост во голема мера би им ја олеснила постапката при упис, а со тоа би се поттикнале повеќе лица со попреченост да се запишат на факултет.

Неколку студенти споделија лични примери и примери на нивни пријатели од вршење притисок на лична основа тие да се откажат од студиите, бидејќи професорите сметале

40 Изјава на студент на фокус група

дека тие не можат понатаму успешно да ја работат професијата како лица со попреченост.

За поголем дел од студентите електронските системи што се употребуваат се сложени за користење, па затоа и најголем дел од нив бараат поддршка - друго лице во нивно име да ги прави заверките, уписите на испити и останатите управувања со нивните податоци.

> *„Другарка ми го користеше системот за двете и за мене и за неа… Јас не можев да се снајдам сама, не го користев и таа и за двете запишуваше.“*[41]

> *„Кај мене во Iknow пријавувањето беше задолжително. Имаше професори што не признаваа дека воопшто некој бил на полагање ако нема запишано во Iknow. Доколку испитот бил положен пропаѓа, џабе е положен. Јас си ги пријавував испитите, но честопати и знаев да ги заборавам или да згрешам нешто, не се снаоѓав многу многу со тие електронски системи и додатоци и административни барања. Многу беше збунувачки.“*[42]

41 Изјава на студентка на фокус група

42 Изјава на студент на фокус група

Дел од студентите чија попреченост ги оневозможува да користат компјутер на стандарден начин споделија и позитивни искуства, особено од административни работници кои им биле од поддршка за време на студирањето.

> *„Сите ме прашуваа зошто одиш во Штип... Јас можам да кажам дека електронскиот систем УГД го имаше средено уште многу одамна, пред УКИМ и многу беше добар, функционираше, сè беше океј со тоа, немаше никаква пречка. Само требаше шифрите да се внесуваат правилно и тоа е тоа.“*[43]

> *„Јас административните работи ги средував директно на студентски прашања. Таму ги добивав сите информации што ми беа потребни и ми помагаа буквално за сè што требаше да направам со документацијата.“*[44]

Електронските системи за административни работи не се доволно пристапни за оние студенти со попреченост што користат или што треба да користат асистивна технологија за користење на овие системи, поради што е потребна нивно редовно тестирање со цел нивно унапредување согласно со потребите на студентите.

43 Изјава на студент на фокус група

44 Изјава на студент на фокус група

## Ризици по безбедност и здравје

*„Секогаш морав да се организирам одењето на факултет да ми биде кратко и да се вратам поради работните обврски, па се случуваше или асистентот да ме однесе и да ме врати или колегите, битно некако бев организирана. Не можев да си дозволам да не бидам организирана."*[45]

Безбедноста на студентите со попреченост е доведена во ризик поради нереспонзивноста на факултетите кои имаат обврска да обезбедат безбедна средина за движење за нив. Студентите во фокус-групите истакнаа дека тие секогаш кога одат на факултет мора да ангажираат личен асистент, пријател, роднина или друго лице да ги придружува. Ова за нив претставува дополнителен финансиски товар, но и стрес поради нивната зависност, бидејќи се грижат дали секогаш кога им е потребно лице да ги придружува до факултетот тие ќе можат тоа лице да го обезбедат.

45 Изјава на студентка на фокус група

## Достапност до специфични услуги на факултетите

Ниту еден од студентите со кои беше спроведена фокус-група не беше запознаен со евентуално постоење на канцеларија за поддршка во процесот на нивното студирање. Дополнително, тие не беа запознаени ниту со статутите на универзитетите и факултетите на кои студираат, коишто за нив овозможуваат дополнителни термини за полагање, ниту пак беа запознаени со терминот „соодветно приспособување."

## Останати прашања

Во последните 5 години само еден студент кој беше дел од фокус-групата - лице со телесна попреченост, има поднесено барање до факултетот за поставување на ракофат/ограда на скали што водат кон лаборатории и предавални. Одговор од страна на факултетот нема, ниту пак е поставен ракофат/ограда на скалите.

Останатите студенти од фокус-групата истакнаа дека иако се запознаени со проблемите со кои се соочуваат, како и со можните решенија, немањето назначен вработен на факултетот за поддршка на студентите со попреченост е главна пречка поради која се немаат обратено за остварување на нивните права.

*„Јас размислувам кому да му се упати барање, претставка, жалба. Нема таков човек назначен за решавање на овие проблеми каде што може да се обратиме и да ни даде соодветен одговор или да ни помогне да го решиме тој проблем. Нема логика јас да одам сега во службата за студентски прашања и да им се жалам дека тоалетот е тесен и не можам да влезам. Или на портирот да му го кажам тоа? А да ги прашувам професорите прашања од типот „извини професоре, кому да му се пожалам дека нема пристапност“? Не мислам дека тие треба да не упатуваат кај когошто и како со овие проблеми.“*[46]

46 Изјава на студент на фокус група

*„Вака генерално ако гледаме, проблеми има, но кому да му се пожалиш. На деканот? Некогаш не го ни познаваме него. Некако непријатно е да одиме за вакви прашања до деканот. Ние сме сепак само студенти. Иако барањата се едноставни и имаме право на тоа, ние сепак сме само студенти, имаме и испити, сме се доселиле во нова средина, непристапен студентски дом, размислуваме како да стигнеме до факултет и дали има или нема транспорт и милион други работи што ни претставуваат пречки и бариери во животот што го живееме како лица со попреченост во оваа држава, не е само факултетот и некако не е така едноставно како што очекуваат од нас да може да отидеме и да тропнеме за проблем од ваков тип на вратата од деканот"*[47]

Недостигот на пристапно домување, односно немањето специфични услуги за поддржано живеење на студенти со попреченост што живеат во студентски домови е уште еден проблем во низата со кои се соочуваат овие студенти.

47 Изјава на студент на фокус група

*„Исто за студентските домови. Еве таму не упатуваат кај управникот на домот да пријавуваме вакви работи. И ете, ќе му кажеме „лифтот не работи“; „Има пукнати плочки на кои човек може да се сопне...“*[48]

Студентите споделија и искуство за нивен колега кој немал пристап до мензата и бил принуден да стои надвор со пластично канче во рацете и да чека некој од студентите да му донесе храна.

*„Едноставно нема кому да се пожалиме и на крај да резултира со позитивен ефект.“*[49]

Сите студенти што беа опфатени со фокус-групата истакнаа дека се запознаени со мерката за ослободувањето од партиципација и Уредбата на Владата и ја користат таа мерка. Дел од нив информираа дека пред ова право да биде регулирано со Законот за високо образование и пред да се донесе Уредбата, на некои факултети што не се при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје им било барано да ја платат партиципацијата.

48 Изјава на студент на фокус група

49 Изјава на студент на фокус група

## АНАЛИЗА НА НАОДИ ОД ИНТЕРВЈУА СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

За потребите на анализата беа спроведени 9 интервјуа со граѓански организации кои работат во областа на инклузивно образование или директно работат со лица со попреченост. Интервјуата беа спроведени во периодот на втората половина од јуни и првата половина од јули 2023 година, по електронски пат на платформата Зум и преку одговарање на прашалник преку Google forms. Главните наоди се претставени во овој дел од анализата. Истите се однесуваат на поддршката која организациите ја даваат на студентите со попреченост, на заложбите на организациите, фокусот на нивната работа, како и на релацијата меѓу организациите и студентите со попреченост.

Во поглед на условите во високообразовните установи, организациите се согласни дека **вертикалната мобилност е на многу ниско ниво**. Тие нагласуваат дека има напори за поставување рампи, лифтови и платформи за овозможување на вертикална мобилност на студентите со попреченост, но за жал, тоа е недоволно, неквалитетно или пак не одговара на вистинските потреби на лицата со попреченост. Па така, на пример, во нивната работа тие се среќаваат со рампи со голем агол на закосеност, лифтови или платформи кои се недостапни за активно користење.

Организациите преземаат обврска, дел од нив и во нивните статути, да обезбедат поддршка за студентите, во текот на студирањето и при уписот на факултетите. Тие се запознаени со предизвиците на студентите со попреченост кои се нивни членови, спроведуваат проекти, преземаат мерки и

активности, со цел овозможување услуги за студентите со попреченост. Од интервјуата може да се забележи дека најдоследни во обезбедувањето на мерки се организациите на лица со попреченост, како националните сојузи. Дел од нив лобираат и застапуваат за правата на студентите со попреченост, а дел креираат и сопствени мерки за поддршка на студентите со попреченост.

> *„Ние имаме застапувано студент со телесна попреченост на Правниот факултет при УГД. Поради немање пристапна рампа, издејствувавме да му се обезбеди начин на следење на предавањата преку врска од далечина, онлајн“.*

> *„Како Национален сојуз на слепи на Република Северна Македонија, имаме креирано мерки за поттикнување на студентите со оштетен вид да се запишат и да студираат. Во таа насока обезбедуваме стипендии за најдобрите студенти кои имаат просек над 8,00, а се истовремено наши членови, понатаму обезбедуваме и аудиоучебници во дигитален формат. Истовремено лобираме постојано за приспособување на инфраструктурата, како и на обезбедување помагала и асистивна технологија кои нашите членови студенти ги добиваат со цел полесно студирање“.*

Поголемиот дел од интервјуираните организации немаат директна **улога при уписот на студентите со попреченост на факултетите**, ниту преземаат мерки за поедноставување на административните процедури за студентите со попреченост. Од одговорите може да се заклучи дека организациите, иако не обезбедуваат поддршка како во пониските степени на образование, сепак вложуваат напори да бидат од поддршка и за студентите со попреченост.

Во поглед на пристапот до информации, организациите даваат само **индиректна поддршка, преку застапување и лобирање**. Тие немаат сопствени ресурси, како центри за поддршка на образованието, со кои би можеле директно да ги поддржат факултетите за информациите да ги направат во пристапен формат, каков што им е потребен на студентите со попреченост.

> *„Она што загрижува се бариерите за запишување на педагошките факултети. Не се запишуваат, со образложение дека лицата со попреченост, особено со физичка попреченост, не можат да ги извршат сите оние барања што ги поставува пред нив работниот процес."*

Во делот **други значајни аспекти од студирањето на лицата со попреченост** организациите ги наведоа непристапните студентски домови и немањето соодветни социјални услуги за поддржано домување за студентите со попреченост. Овој став го делат и студентите со попреченост.

Од интервјуата може да се заклучи дека организациите се залагаат и за доследно применување на законската рамка за градење и применување во пракса на концептот инклузивен дизајн. Тие лобираат и се застапуваат за студентите со попреченост да ги добијат потребните услови за мобилност. Во случаи на неможност на остварување на законската рамка, како привремено решение велат дека им помагаат на студентите за примена на инструментот соодветно приспособување.

Сепак доколку се погледнат одговорите на студентите со попреченост може да се воочи дека тие не чувствуваат поддршка од граѓанските организации и организациите на лица со попреченост при нивното студирање. Во фокус групата и интервјуата со студенти, организациите ниту еднаш не беа спомнати како места каде студентите се обраќаат за поддршка. Зошто овие заложби не се препознаваат од студентите - не можеме со сигурност да знаеме. Една претпоставка е поради малиот број студенти со попреченост што беа опфатени со фокус групите и интервјуата (вкупно 10), но во секој случај ова би можело да се смета за индикатор за недостаток од врска меѓу студентите со попреченост и организациите што ги застапуваат.

## АНАЛИЗА НА НАОДИ ОД ТЕРЕНСКИ УВИД

Теренскиот увид во рамки на оваа анализа опфати 17 факултети на 4 кампуси , во првата половина на јуни 2023 година. Како критериум за избор на кампусите на кои се направи увид беше земено предвид да има по еден факултет на сите универзитети кои се опфатени со оваа анализа, но и на терен да се согледаат податоците наведени во прашалниците од страна на факултетите.Фокусот на теренскиот увид беше ставен на можноста за непречено користење на просториите на кампусите и пристапот до информации за сите студенти. Во таа насока, беа согледани: можноста за непречено движење низ кампусите со и без помагала за движење, пристапноста на амфитеатрите, предавалните и шалтерите на службите за Студентски прашања, пристапноста на останати простории, како тоалети, читални, библиотеки и кантини, како и обележани паркинг места за лица со попреченост. Предмет на теренскиот увид беа и истакнатите написи и известувања за студентите и нивната приспособеност за студентите со попреченост.

## Можноста за непречено движење



**Можноста за непречено движење** низ кампусите може да се оцени како делумно задоволителна. Само на еден од четирите кампуса беа забележани тактилни патеки за лица со оштетен вид.Тактилните патеки, иако се изработени од гума, материјал несоодветен за надворешен простор, поради тоа што се неодамна поставени се во добра состојба. Во однос на движење со количка, на два од четирите кампуса имаше сериозно ограничено движење до зградите поради недостаток од закосени рабници на тротоарите

### Пред влезните врати



Пред **влезните врати** на кампусите има доволен простор да застане лице во количка и да ги отвори. Додека пак во внатрешниот дел на факултетските згради наместа се среќаваат врати многу потесни од потребните 90 сантиметри ширина или пак врати со прагови повисоки од 2 сантиметри. Ова е случај кој главно се среќава во постарите згради на кампусите.

**Ходниците на кампусите** се со задоволителна ширина. На некои од кампусите, ходниците кон професорките кабинети се потесни од 1.2 метри. Во овие случаи на повеќе места се среќаваат проширувања за разминување, па генерално се задоволува стандардот за ширина на ходниците. Подовите на ходниците се поплочени без контрастни бои, што е значајно, бидејќи контрастните бои може да предизвикаат напад кај лицата со фотоепилепсија.

## Предавални и амфитеатри



**Предавалните и амфитеатрите** се нецелосно пристапни за лица во количка. Дел од нивните влезни врати имаат праг или пак самите врати се потесни од потребното. Најчесто во амфитеатрите столчињата се неподвижни и нема место за студентите во количка. Фронталниот дел од предавалните и амфитеатрите честопати е подигнат, без рампа за пристап. За студентите со други попречености генерално нема воочливи ограничувања во поглед на амфитеатрите и предавалните.

## Службите за студентски прашања





**Службите за студентски прашања** на сите 4 кампуси се со ограничувања за студенти во количка, бидејќи на сите служби шалтерите се повисоки од 100 сантиметри, иако не треба да бидат повисоки од 80 сантиметри. Дел од студентските служби имаат и дополнителни физички ограничувања како шипки, кои се поставени за да создадат ред во деновите кога има метеж (на пример, во периодот на уписи). Овие ограничувања се поставени претесно за студенти со количка да можат непречено да се движат меѓу нив.

## Специјалната подвижна платформа



Позитивен пример кој за во целост да биде успешен е потребно негово унапредување, а кој може да се посочи од увидот е **специјалната подвижна платформа наменета за студентите во количка да можат да се качат до влезот од библиотеката,** забележана на еден од факултетите. Спротивно на ова, механизмот на влезот од оваа библиотеката е потесен од 60 сантиметри, ограничен со метална шипка што ротира (и не може привремено да се отстрани), низ која не може да помине студент со количка.

## Состојбата со тоалетите





**Состојбата со тоалетите** е навистина загрижувачка. На најголем дел од факултетите тоалетите се целосно непристапни. Поточно, само на 1 од 4 посетени кампуси за потребите на овој увид, тоалетите беа пристапни. Уште еден од посетените кампуси имаше пристапен тоалет, кој се користи како острава. Одговорните лица на овој факултет немаа информација дали некој од студентите или вработените со попреченост досега побарале пристап до тоалетот.

Кампусот кој се издвои како позитивен пример во овој поглед, тоалетите ги има обезбедено преку проект. За жал, дури и во овој случај, на 3 од 4 факултети на кампусот пристапните тоалети беа заклучени. Ова би значело дека од 26 посетени факултети за потребите на овој увид, единствено на 1 факултет, во рамките на 1 кампус, тоалетите беа пристапни и отворени за користење за студентите и вработените со попреченост.

Во надворешниот дел на еден од кампусите беше забележано отстапување во однос на ширината и инклинацијата на **рампите**. Овие рампи имаат држачи повисоки од пропишаните стандарди во правилникот и меѓународните стандарди. Во внатрешниот дел на факултетите рампите се со сериозни отстапки во аголот на закосеност, движејќи се помеѓу 16 и 23 степени, наспроти максимално дозволените 8 степени. Кај држачите и ширината на овие рампи, исто така, има сериозни отстапки од прописите.

Овие недостатоци не може да се препишат на недоволен простор околу рампите, бидејќи истиот постои. Оградите пак (каде што ги има), најчесто наликуваат на оградите поставени на скалите, што укажува на тоа дека се избрани да одговараат на ентериерот, наместо на потребите на корисниците.

**Скалите на факултетите** се во рамки на стандардите. Најчеста отстапка кај нив е недостигот на соодветен држач/ракофат. Дополнително, на ниедни скали на почетокот и крајот нема поставено предупредувачка тактилна ознака, дури ни на оној кампус кој има тактилни патеки насекаде.

**Лифт**




Иако постои потреба од **лифтови,** два од посетените кампуси ги немаат. На оние кампуси кои имаат лифтови се работи за лифтови со задоволувачки димензии, со огледало, држач, но со недостаток од тактилни брајови ознаки. Иако се исправни, не сите лифтови се во употреба поради злоупотреба од страна на студентите без попреченост или пора-

ди завршените предавања во текот на летниот период. На дел од факултетите, особено онаму каде што има до 6-7 скали за искачување, има платформи за премостување на висината. Сепак овие платформи не се во активна употреба, ниту пак се едноставни за употреба.

**Нема обележан паркинг**



На 2 од 4 факултетски кампуса нема обележан **паркинг за лица со попреченост**. Онаму каде што ги имаше, пропишаните димензии за пристапност, според правилникот што ја уредува пристапноста на паркинг-местата на национално ниво, беа задоволени. За жал, на еден од кампусите самите обележани паркинг-места беа претворени во влез на паркингот.

**Обележан паркинг**



Во поглед на **написите и известувањата** на факултетите, доминира мал контраст помеѓу текстот и позадината, што е сериозно ограничување за студентите со оштетен вид. Има голем број написи со премал фонт, несоодветно позиционирани, што во дадени моменти дури и лице во количка не би можело да ги прочита, бидејќи не може да им се доближи доволно.

Постојат повеќе ризични и небезбедни простори низ факултетите што сериозно можат да го загрозат здравјето на студентите со попреченост. Како што споделија и одговорните лица на факултетите, најчесто **плановите за евакуација** не се доволно пристапни за сите студенти со попреченост, а има и факултети кои воопшто немаат истакнато вакви планови.

Од кампусите кои беа посетени, на ниту едно место немаше поставено **предупредувачки тактилни ознаки** на почетокот и крајот на скалите, што претставува закана за студентите со оштетен вид, особено на оние кои се помалку вешти во користење бел стап и движење во нов простор. На сите 4 кампуси има **висечки елементи** со кои студентите со оштетен вид може да се повредат.

На ниту еден од посетените кампуси не беше затекната **канцеларија за директна поддршка на студентите со попреченост**, а само на еден од кампусите беше започната процедура за снимање на **аудио-учебници.**

# ЗАКЛУЧОК

Иако нашата држава презеде некои чекори за воведување на инклузивност во образованието, Законот за високо образование, како и Националната стратегија за образование 2018-2025 година не се темелат на сеопфатен и инклузивен пристап и не се во согласност со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Генерално, статутите на универзитетите, покрај тоа што општо ја регулираат забраната за дискриминација и можноста за дополнителни рокови за полагање за одредена категорија на студенти, тие не одат ништо подалеку во унапредување на правата и исполнување на индивидуалните потреби на студентите со попреченост.

Факултетите во Република Северна Македонија не водат статистичка евиденција за бројот на студенти со попреченост, разделена според важни параметри, преку кои би се унапредувале политиките, пристапноста и услугите за студентите.

Јавниот превоз во градовите во кои има факултети е целосно непристапен за дел од студентите со попреченост, особено за оние кои се корисници на количка и/или се со целосно оштетен вид и е делумно пристапен за останатите студенти со попреченост. Меѓу другото, на голем дел од факултетите недостигаат соодветни и обележани паркинг места за лица со попреченост.

Покрај тоа што голем дел од факултетите имаат задоволителна физичка пристапност во дворовите и во ходниците во внатрешноста, останатите делови се најчесто со незадоволителна физичка пристапност. Најмногу недостигаат функционални пристапни тоалети, функционални пристапни лифтови и пристапни рампи со соодветна ширина и агол на закосеност, непречен пристап до и во предавалните, амфитеатрите, ходниците, соодветно високи шалтери на службите за студентски прашања, соодветно поставени тактилни патеки итн.

Безбедноста на студентите со попреченост во случај на природни несреќи или друг вид ризици е многу ниска, бидејќи голем број од факултетите немаат план за евакуација во пристапен формат, ниту функционален аудио-визуелен аларм за тревога. Од друга страна, информирањето на студентите на сите факултети се спроведува на непристапен начин. Ниеден факултет не ги објавува своите клучни соопштенија, политики и документи во брајов формат, пристапен аудиоформат или стандардно писмо во зголемен формат.

Дигиталните услуги на факултетите, како електронскиот индекс и веб-страниците на универзитетите и факултетите, во најголем дел не се тестирани за да се утврди дали ги почитуваат меѓународните стандарди за пристапност. Административните услуги на факултетите за поголемиот дел од студентите со попреченост се непристапни, факултетите немаат формално назначени лица во службите за студентски прашања кои би им биле од поддршка на студентите со попреченост при упис, заверка, пријава на испити и слично.

За голем број од наставните програми и на голем број факултети недостига стручна и научна литература во пристапен формат (Брајово писмо, аудиоформат, печатен зголемен формат и дигитален пристапен формат) што им е неопходна на студентите со попреченост при студирањето. Ниту државата, ниту факултетите системски не обезбедуваат асистивна технологија за студентите со попреченост на кои таа им е неопходна за студирање, а дел од факултетите не се запознаени со значењето на оваа технологија.

На најголем дел од факултетите не се обезбедуваат специфични услуги за студентите со попреченост, како што се асистент за фаќање белешки, толкувач на знаковен јазик, тренинг за ориентација и мобилност, обезбедување на испити во пристапен формат, овозможување на дополнителни термини за полагање на испити итн.

На нашата држава ѝ преостануваат уште бројни предизвици кон обезбедување на инклузивно високо образование, за што е за почеток потребно процена и препознавање на индивидуалните потреби на студентите со попреченост во државата, зголемена свест и сензибилизирање од страна на универзитетите, факултетите и останатите државни институции за правата и потребите на оваа категорија на лица, следење на позитивните и успешни компаративни примери од регионот и постојан напор кој бара колективна посветеност и соработка.

# ПРЕПОРАКИ

Иако универзитетите и факултетите во најголем дел ги имаат обврските за соодветно приспособување и донесување на мерки и политики за поддршка за исполнување на индивидуалните потреби на студентите со попреченост, тие не се единствено одговорни за овозможување на соодветен пристап до високо образование за оваа категорија на лица.

Министерството за образование и наука е потребно да покрене иницијативи со кои ќе наложи задолжително водење на дигитална евиденција за студентите со попреченост, а заеднички со Владата да ја вклучат пристапноста како критериум во планирањето на факултетите и студентските домови.

Министерството за транспорт и врски и надлежните инспекторати треба особено внимание да посветат на тоа колку факултетите се физички пристапни за студентите со попреченост и ги исполнуваат стандардите и нормативите за градба како и да осигурат дека студентите со попреченост имаат пристапен транспорт до и од факултетите.

Некои од препораките по кои овие надлежни институции треба да постапат се следните:

1. Задолжително водење дигитална евиденција за статистички податоци за студентите со попреченост, со цел подобро планирање во согласност со нивните потреби и обезбедување инклузивност на факултетите.

2. Задолжителна примена на принципот на соодветно приспособување од страна на факултетите, со цел задоволување на потребите на студентите со сите видови на попреченост, како на пример, промена на просторија за полагање на испит, обезбедување на дополнителен временски период за полагање на испит, обезбедување на тестови во пристапен формат и слично.

3. Задолжително вклучување на пристапноста како критериум во набавките, реконструкцијата и стратешкото планирање на факултетите и студентските домови.

4. Обезбедување пристапен транспорт за студентите со попреченост и означување на паркинг-местата за лицата со попреченост на факултетите.

5. Обезбедување на физичка инфраструктура на факултетите, односно поставување на пристапни патеки, рампи, лифтови, тоалети, во согласност со потребните стандарди.

6. Редовно тестирање на пристапноста на веб-страниците и електронските услуги на факултетите и обезбедување на дигитални ресурси дизајнирани и одржувани за да ги исполнат потребите на лицата со каков било вид на попреченост.

7. Обезбедување стручна и научна литература во пристапни формати.

8. Обезбедување асистивна технологија и помагала и воспоставување факултетски политики за нивно користење.

9. Формално назначување на административни асистенти за поддршка на студентите со попреченост.

10. Обезбедување на толкувачи на знаковен јазик, особено за време на предавањата и полагањата на испитите.

11. Зајакнување на соработката меѓу граѓанските организации и студентите со попреченост со цел градење на партнерство и поддршка во процесот на студирање.

12. Подигнување на свеста на наставниот кадар, раководните структури, администрацијата на факултетите за потребите од обезбедување на пристапност за студентите со попреченост, како и за начините на кои секој од нив може да го обезбеди тоа.

13. Промовирање на студиските програми пред млади со попреченост со цел нивно охрабрување за вклучување во високото образование.

# ПРИЛОГ 1 - ИНСТРУМЕНТ: ПРАШАЛНИК ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ ОД ФАКУЛТЕТИТЕ

***Појаснување пред пополнување на прашалникот***

Прашањата во овој прашалник се едноставни, најчесто се одговараат преку избирање еден од неколку понудени одговори, заокружување едно или повеќе точни тврдења, односно со можност за впишување броеви и текст во некои полиња. Наша препорака е, прво да ги отпечатите истите прашања што се наоѓаат во пдф верзијата на овој прашалник што ви е испратен по електронска пошта, да ги соберете податоците и потоа да почнете со негово онлајн пополнување. Имајте предвид дека во некои прашања се споменуваат прецизни димензии со цел прашањето да биде појасно за пополнувачот. За овие прашања доволно е да се послужите со вашето чувство за слободна процена на просторот, без притоа да користите алати за мерење.

Времето потребно за пополнување на овој прашалник, доколку веќе ги имате собрано податоците, би требало да ви одземе не повеќе од 1 час.

Рокот за пополнување на овој прашалник е 15 јуни, 2023 година до 23:59.

Во случај да имате технички проблеми со пополнувањето на овој прашалник ве молиме контактирајте ја (името и податоците за контакт ќе ги дополнам во понеделник кога ќе знам која колешка ќе ме замени).

Однапред ви благодариме за посветеноста и искреноста при одговарањето.

## А) Информации за високообразовната институција:

1. Целосен назив на факултетот:

___

2. Моментален број на катедри/институти:

___

(Дозволено е внесување само на броеви)

3. Години на функционирање како јавна високообразовна институција:

___

(Дозволено е внесување само на броеви)

4.1. Моментален број на запишани студенти на прв циклус студии на факултетот:

___

(Дозволено е внесување само на броеви)

4.2. Моментален број на запишани студенти на втор циклус студии на факултетот:

___

(Дозволено е внесување само на броеви)

4.3. Моментален број на запишани студенти на трет циклус студии на факултетот:

---

(Дозволено е внесување само на броеви)

5. Вкупен број на моментално вработели лица со попреченост на факултетот во административниот дел и во наставниот кадар (асистенти, доценти, професори...):

---

(Дозволено е внесување само на броеви)

## Б) Собирање на податоци за бројот на студенти со попреченост

6.1.1. Во моментов, колку редовни студенти со попреченост имате на прв циклус студии на вашиот факултет?

---

(Дозволено е внесување само на броеви)

6.1.2. Во моментов, колку вонредни студенти со попреченост имате на прв циклус студии на вашиот факултет?

---

(Дозволено е внесување само на броеви)

6.2.1. Во моментов, колку редовни студенти со попреченост имате на втор циклус студии на вашиот факултет?

---

(Дозволено е внесување само на броеви)

6.2.2. Во моментов, колку вонредни студенти со попреченост имате на втор циклус студии на вашиот факултет?

---

(Дозволено е внесување само на броеви)

6.3.1. Во моментов, колку редовни студенти со попреченост имате на трет циклус студии на вашиот факултет?

---

(Дозволено е внесување само на броеви)

6.3.2. Во моментов, колку вонредни студенти со попреченост имате на трет циклус студии на вашиот факултет?

---

(Дозволено е внесување само на броеви)

7. **Каков вид попреченост/тешкотии во учење имаат овие студенти?** (заокружете ги сите попречености со кои се соочуваат вашите сегашни студенти)

- ☐ Оштетен вид (слепи и слабовидни)
- ☐ Оштетен слух (глуви и наглуви)
- ☐ Тешкотии во учење (дислексија, дискалкулија, дисграфија или диспраксија)
- ☐ Аутизам (нарушување од аутистичниот спектар)
- ☐ Телесна попреченост (лица во ортопедскаколичка, лица корисници на други ортопедски помагала за движење и сл.)
- ☐ Интелектуална попреченост
- ☐ Даунов синдром
- ☐ Церебрална парализа
- ☐ Комбинација од повеќе од една попреченост
- ☐ Друг вид попреченост што не е наведена во понудените одговори погоре
- ☐ Не се води евиденција за видот на попреченост на студентите

8.1. Во изминатите 2 години (од почетокот на 2021 до денот на пополнување) колку студенти со попреченост завршија на прв циклус студии на вашиот факултет?

(Дозволено е внесување само на броеви)

8.2. Во изминатите 2 години (од почетокот на 2021 до денот на пополнување) колку студенти со попреченост завршија на vtor циклус студии на вашиот факултет?

(Дозволено е внесување само на броеви)

8.3. Во изминатите 2 години (од почетокот на 2021 до денот на пополнување) колку студенти со попреченост завршија на tret циклус студии на вашиот факултет?

(Дозволено е внесување само на броеви)

9. **Каков вид попреченост/тешкотии во учењето имаа овие студенти?** (заокружете ги сите попречености со кои се соочуваа студентите што завршија на вашиот факултет во изминатите 2 години во периодот јануари 2021 до денот на пополнување на овој прашалник)

- ☐ **Оштетен вид** (слепи и слабовидни)
- ☐ **Оштетен слух** (глуви и наглуви)
- ☐ **Тешкотии во учење** (дислексија, дискалкулија, дисграфија или диспраксија)
- ☐ **Аутизам** (нарушување од аутистичниот спектар)
- ☐ **Телесна попреченост** (лица во ортопедскаколичка, лица корисници на други ортопедски помагала за движење и сл.)
- ☐ **Интелектуална попреченост**
- ☐ **Даунов синдром**
- ☐ **Церебрална парализа**
- ☐ **Комбинација од повеќе од една попреченост**
- ☐ **Друг вид попреченост што не е наведена во понудените одговори погоре**
- ☐ **Не се води евиденција за видот на попреченост на студентите**

## В) Информации за моменталната пристапност на факултетот

10. Дали на паркингот на вашиот факултет има обележани паркинг-места за лица со попреченост?

- ☐ Да, има
- ☐ Да, но само на паркинзите за дел од објектите
- ☐ Не, нема обележан посебен паркинг за лица со попреченост на факултетскиот паркинг
- ☐ Не, бидејќи факултетот нема сопствен паркинг

10.1. Дали од обележаните паркинг-места за лица со попреченост до главниот влез на факултетот има непречен пристап за лица со ортопедска количка, тоа подразбира да има тротоари со закосени рабници и нерамнини што не се поголеми од 2 сантиметри?

- ☐ Да, има на сите објекти во кои функционира факултетот
- ☐ Да, но не на сите објекти во кои функционира факултетот
- ☐ Не, нема воопшто

11. Дали во близина на главниот влез од зградата на факултетот има широк простор (минимум 9 x 3.6 метри) каде што може да застане такси или комбе и безбедно да остави патник, лице со попреченост?

- ☐ Да, има и тоа на оддалеченост од помалку од 50 м од главниот влез
- ☐ Да, има, но подалеку е од 50 м од главниот влез
- ☐ Не, нема толку голем простор каде што може да се застане во околината на факултетот

11.1. Дали од просторот каде што може да застане такси или комбе, односно од улицата до главниот влез на факултетот има поставено тактилна патека?

- ☐ Да, има поставено тактилна патека од улицата до главниот влез од сите објекти во кои функционира факултетот
- ☐ Да, има тактилна патека, но таа не води до сите објекти во кои функционира факултетот
- ☐ Не, нема поставена тактилна патека во надворешниот дел од факултетот

11.2. Дали од просторот каде што може да застане такси или комбе, односно од улицата до влезот на факултетот има тротоари со закосени рабови без поголеми пукнатини со што лица во ортопедска количка би можеле да стигнат до влезот од зградата на факултетот?

- ☐ Да, просторот помеѓу улицата и главниот влез на зградата на факултетот е со закосени рабници на тротоарите и без поголеми испакнатини
- ☐ Да, но до некои згради/објекти во кои функционира факултетот сепак има високи рабници и поголеми испакнатини
- ☐ Не, просторот помеѓу означеното место за застанување, односно улицата и главниот влез на зградата на факултетот во целост е нерамен и физички непристапен

12. Дали на влезот од зградата на вашиот факултет има соодветни функционални рампи за пристап со ортопедска количка за лица со телесна попреченост?

- ☐ Да, има соодветни рампи на сите влезови од сите објекти
- ☐ Да, но не на сите објекти и влезови
- ☐ Не, нема соодветни рампи на ниеден од влезовите

13. Дали главните влезни врати на вашиот факултет:

- ☐ Се отвораат автоматски со странично лизгање
- ☐ Се отвораат автоматски со ротирање/вртење во круг
- ☐ Се отвораат рачно кон внатре
- ☐ Се отвораат рачно кон надвор

13.1. Дали покрај ротирачката врата, којашто во принцип е непристапна по својата природа, на главниот влез од факултетот има друга пристапна врата што се отвора рачно или со лизгање кон страна?

- ☐ Да
- ☐ Не

14. Дали во внатрешноста на факултетот каде што се движат студентите има ходници потесни од 1.2 метри?

- ☐ Не, нема,
- ☐ Да, но само на некои места
- ☐ Да, низ сите објекти на факултетот

15. Дали скалите во факултетот имаат ограда во форма на држач за која би можело да се придржува лице додека се качува и се симнува по нив?

- ☐ Да, сите скали имаат ограда во форма на држач од двете страни
- ☐ Да, сите скали имаат ограда во форма на држач, но само од едната нивна страна
- ☐ Не, скалите имаат ограда, но таа не е во форма на држач за која би можело да се придржува лице што се качува и симнува по нив

16. Дали пред почеток на скалите и при завршување на скалите има поставено тактилни ознаки?

- ☐ Да, на сите скали има поставено тактилни ознаки
- ☐ На некои скали има, на некои скали нема поставено тактилни ознаки
- ☐ Не, на ниедни скали нема поставено тактилни ознаки

17. Дали на почетокот на скалите и на крајот на скалите има поставено визуелни ознаки?

- ☐ Да, на сите скали има поставено визуелни ознаки
- ☐ На некои скали има, на некои скали нема поставено визуелни ознаки
- ☐ Не, на ниедни скали нема поставено визуелни ознаки

18. Дали низ факултетот има поставени висечки елементи како апарати за гаснење пожар, банери и други знаци, предмети и објекти што се во зоната на движење на луѓето и се пониски од 2.1 метри?

- ☐ Да, има, но само во некои објекти и тие не се заштитени ниту соодветно означени
- ☐ Да, има, во сите објекти и тие не се заштитени ниту означени
- ☐ Да, има, но само во некои објекти и тие се заштитени и означени
- ☐ Да, има, во сите објекти и тие се заштитени и означени
- ☐ Не, нема такви бариери

19. Дали низ внатрешноста на факултетот, особено во делот каде што се движат студентите, постојат прагови на врати/висински разлики (скали) повисоки од 2 сантиметри за кои не е обезбедена физичка пристапност со закосена рампа, лифт и сл.?

- ☐ Да, има такви висински разлики и прагови низ сите објекти во кој функционира факултетот
- ☐ Да, има такви висински разлики и прагови, но само во некои објекти/простории во кои функционира факултетот
- ☐ Не, нема такви висински разлики и прагови на ниедно место низ факултетот

20. Дали подот на факултетот е од плочки или други материјали во повеќе од една боја помеѓу кои визуелно се разликува поголем контраст?

- ☐ Да, во сите објекти подот е во контрастни бои
- ☐ Не, само на некои места и во некои објекти подот е во контрастни бои
- ☐ Не, подот е еднобоен, односно со мала разлика помеѓу боите на него низ целиот факултет

21. Дали во факултетот има лифт со минимум димензии 1.1 x 1.4 метри?

- ☐ Да, има лифт со овие димензии
- ☐ Да, има лифт но е помал од споменатате димензии во прашањето
- ☐ Да, има лифт со тие димензии но не оди до сите спратови
- ☐ Да, има лифт но не во сите објекти во кои функционира факултетот
- ☐ Не, нема лифт бидејќи факултетот е само на еден спрат и нема потреба од него
- ☐ Не, нема лифт иако има потреба од него бидејќи факултетот е на повеќе спратови

21.1. Дали во лифтот има тактилни ознаки со брајово писмо на него?

- ☐ Да, има и на копчето за повикување на лифтот од надворешната страна и на копчињата во внатрешноста
- ☐ Да, но само на копчињата во внатрешноста
- ☐ Да, но само на надворешното копче за повикување
- ☐ Не, нема никакви тактилни ознаки

21.2. Дали во внатрешноста на лифтот има хоризонтално поставена рачка за држење?

- ☐ Да, има
- ☐ Не, нема

21.3. Дали во лифтот на страната спроти вратата за влез и излез од него има поставено огледало?

- ☐ Да, има
- ☐ Не, нема

21.4. Колку често лифтот е надвор од употреба?

- ☐ Скоро секогаш е во употреба (над 95 % од времето)
- ☐ Во употреба е (над 60 % од времето)
- ☐ Многу малку е во употреба (само до 20 % од времето)
- ☐ Речиси никогаш не е во употреба (само до 5 % од времето)

21.5. Како се отвора вратата од лифтот?

- ☐ Автоматски/самостојно
- ☐ Мануелно/рачно

22. Дали низ факултетот има проѕирни стаклени врати или застаклени ѕидови што не се обележани со контрасно обоени ленти по средината?

- ☐ Не, бидејќи факултетот нема стаклени врати или застаклени ѕидови
- ☐ Да, има стаклени врати/ѕидови што не се обележани, но и врати/ѕидови што се обележани
- ☐ Да, сите стаклени врати и ѕидови што ги има факултетот не се обележани на ваков начин

23. Дали низ факултетот вратите на клучните простории (кабинети, предавални, тоалети, библиотеки итн.) се во друга, контрастна боја наспрема бојата на ѕидовите околу нив?

- ☐ Да, има забележлива разлика помеѓу бојата на сите врати низ факултетот и бојата на ѕидовите околу нив
- ☐ Да, но на некои места има и врати што се иста или многу слична боја со бојата на ѕидовите околу нив
- ☐ Не, во принцип сите врати се иста или многу слична боја со ѕидовите околу нив

24. Во каква форма се рачките на вратите на клучните простории низ факултетот? (означете ги сите форми на рачки што ги има на вашиот факултет)

- ☐ Во форма на хоризонтален еднокрак лост што се притиска надолу (стандардна рачка)
- ☐ Во форма на топка/кугла што се опфаќа со дланката и се врти
- ☐ Во форма на долга хоризонтална напречна цевка што е по ширина на целата врата и за да се отвори вратата може да се притисне каде било на неа
- ☐ Во форма на вертикална рачка што се опфаќа со дланката и се влече или турка

25. На каков начин се обележани клучните простории низ факултетот како просторијата за студентски прашања, кабинетите, амфитеатрите, предавалните, тоалетите, канцеларијата на деканот итн.?

- ☐ Обележани се визуелно со табли на кои има единствено само текст
- ☐ Обележани се визуелно со табла на која покрај текстот има и општоприфатен графички симбол
- ☐ Обележани се и со визуелна табла и со табла на брајово писмо до која има тактилна патека
- ☐ Обележани се различно поради немање усогласен начин на обележување
- ☐ Не се обележани на ниеден начин

26. Дали на натписите и таблите низ факултетот се користат црвената, зелената, сината и жолтата боја?

- ☐ Не, натписите се пишуваат со други бои од споменатите во прашањето
- ☐ Да, но не на сите табли
- ☐ Да, на сите табли

27. Дали шалтерите во службата за студентски прашања се повисоки од 80 сантиметри?

- ☐ Не, сите шалтери се со висина до 80 см и со можност за нивно користење од лице во ортопедска количка
- ☐ Да, но има дел што се високи до 80 см и можност за користење од лице со ортопедска количка, но и дел што се повисоки
- ☐ Да, сите шалтери се повисоки од 80 сантиметри и без можност за нивно користење од страна на лице во ортопедска количка

28. Дали на барем еден од шалтерите во службата за студентски прашања имате поставено систем што го засилува гласот на администраторот што му зборува на студентот?

- ☐ Да, имаме и е во функција
- ☐ Да, имаме но не е во функција
- ☐ Не, немаме поставено

29. Дали во сите објекти во кој се движат студенти има по барем 1 пристапен тоалет за лица што користат ортопедска количка? (За пристапен се смета оној тоалет каде што има најмалку 120 сантиметри пред и најмалку 60 сантиметри барем од една страна на вц-школката, со држачи покрај вц-школката, со врата што се отвора кон надвор и со висечки мијалник под кого може да влезе дел од ортопедска количката.)

- ☐ Да, во сите згради на факултетот има барем по 1 пристапен тоалет
- ☐ Да, но не во сите згради/објекти во кои функционира факултетот
- ☐ Не, нема пристапни тоалети на факултетот

30. Дали на факултетот има поставено аларм за итни случаи?

- ☐ Да, има поставено аларм во сите објекти
- ☐ Да, но не е поставен во сите објекти
- ☐ Не, немаме поставено аларм

30.1. Дали алармот што е поставен е функционален?

- ☐ Да, функционален е во сите објекти,
- ☐ Да, но само во некои објекти
- ☐ Не, не е функционален

27.2. Дали поставениот аларм е:

- ☐ Само звучен
- ☐ Само визуелен
- ☐ И звучен и визуелен

31. Во каква форма ви е планот за евакуација при пожар, поплава или други природни непогоди во вашите објекти? (заокружете ги сите понудени тврдења што одговараат на вашиот факултет)

- ☐ Немаме истакнат план за евакуација
- ☐ Имаме план за евакуација само во визуелна форма,
- ☐ Имаме план за евакуација во лесно читлив формат
- ☐ Имаме план за евакуација во тактилен формат со брајово писмо
- ☐ Имаме план за евакуација во аудио формат.
- ☐ Имаме план за евакуација во дигитален формат

32. Дали веб-страницата на факултетот и содржините што ги поставувате на неа се пристапни за студентите со попреченост?

- ☐ Да, пристапна е, редовно ја тестираме при секое поголемо ажурирање
- ☐ Да, сметаме дека е пристапна, но ја немаме тестирано никогаш
- ☐ Не, не е пристапна

33. Дали клучните факултетски соопштенија, политики и документи ги обезбедувате во пристапен формат за вашите студенти со попреченост? (во продолжение заокружете ги сите понудени тврдења што се точни за вашиот факултет)

- ☐ Да, ги обезбедуваме во пристапен дигитален формат
- ☐ Да, ги обезбедуваме во пристапен аудио формат
- ☐ Да, ги обезбедуваме во брајово писмо
- ☐ Да, ги обезбедуваме во зголемен формат
- ☐ Не, ги објавуваме само на стандарден начин

34. Дали факултетот употребува електронски систем за пријавување на семестри/предмети/испити налик на iknow?

- ☐ Да, користиме исклучиво електронски систем за администрација
- ☐ Да, користиме електронски систем за администрација, но притоа потребно е паралелно и во хартиена форма да биде поднесена истата документација
- ☐ Не, не користиме таков систем, сите документи, уписи и заверки се исклучиво со хартиени документи

34.1. Дали електронскиот систем што го користите е тестиран и имате потврда дека функционира за студенти со попреченост?

- ☐ Да, го тестираме редовно при секое поголемо негово ажурирање
- ☐ Да, го имаме тестирано само на почетокот
- ☐ Не, никогаш не сме го тестирале

## г) Податоци за достапноста до специфични услуги за студенти со попреченост

35. Дали факултетот има развиено барем една форма на специфична услуга за давање поддршка на студентите со попреченост запишани на него, како што се обезбедување стручна литература во пристапен формат, обезбедување асистивна технологија, обезбедување дополнително време при полагање, обезбедување тест во пристапен формат, обезбедување лице за фаќање забелешки, обезбедување знаковен толкувач, обезбедување тренинг за ориентација и мобилност низ кампусот и сл.)?

- ☐ Да, факултетот има барем едно назначено вработено лице што дава поддршка на студентите со попреченост запишани на него
- ☐ Да, факултетот има канцеларија/оддел/формиран функционален центар за поддршка на студентите со попреченост запишани на него
- ☐ Не, но факултетот има склучено соработка со надворешен центар за поддршка на студенти и по барање на студент со попреченост факултетот ги обезбедува овие услуги преку тој надворешен субјект

- ☐ Не, факултетот нема ниту назначено лице ниту формиран функционален центар за поддршка на студентите со попреченост, ниту, пак, склучена соработка со надворешен центар за поддршка на студентите со попреченост

## Д) Прашања поврзани со специфичните услуги што ги обезбедува факултетот

36. Дали студентите со попреченост се информирани за постоењето специфични услуги со цел нивно поквалитетно студирање на вашиот факултет? (Заокружете ги тврдењата што се точни за вашиот факултет)

- ☐ Да, ги информираат професорите и другите вработени од наставниот кадар
- ☐ Да, ги информира службата за студентски прашања при упис на факултетот и за време на студиите
- ☐ Да, овие информации се јавно достапни на нашата веб-страница
- ☐ Не, не се врши промоција на оваа услуга пред студентите со попреченост

37. Дали на факултетот постои процедура и назначено лице преку кое студентите со попреченост може да побараат од факултетот да им обезбеди стручна литература потребна за студирањето во пристапен формат?

- ☐ Да, имаме таква процедура и назначено лице што ја обезбедува оваа услуга
- ☐ Да, имаме таква процедура, којашто е автоматизирана и нема потреба од назначување специјално лице за остварување на ова право
- ☐ Не, не постои таква процедура ниту назначено лице за оваа услуга

37.1. Во каков формат студентот може да ја добие стручната литература и учебниците потребни за студирање? (Заокружете ги сите тврдења што се точни)

- ☐ Во пристапен аудио формат
- ☐ Во зголемен испечатен формат
- ☐ Во пристапен дигитален формат
- ☐ Во брајов формат

38. Дали факултетот обезбедува лице што фаќа забелешки за оние студенти со попреченост на кои им е потребно такво прилагодување?

- ☐ Да, најчесто,
- ☐ Да, но многу ретко
- ☐ Не, никогаш

39. Дали факултетот обезбедува асистивна технологија за студентите со попреченост за време на нивното студирање на него?

- ☐ Да, за сите на кои тоа прилагодување им е потребно
- ☐ Да, но не за сите
- ☐ Не, не обезбедува

40. Дали студентите со попреченост смеат да употребуваат асистивна технологија за време на предавањата?

- ☐ Да, смеат на сите предавања кај сите професори
- ☐ Да, но не на сите предавања и кај сите професори
- ☐ Не, користењето асистивна технологија не е дозволено на факултетот

41. Дали студентите со попреченост смеат да употребуваат асистивна технологија за време на полагањето испити?

- ☐ Да, на сите писмени полагања
- ☐ Да, но не на сите предмети и кај сите професори
- ☐ Не, за време на полагање не е дозволено користење асистивна технологија

42. Дали факултетот овозможува дополнително време за полагање на оние студенти за кои тоа е потребно како прилагодување?

- ☐ Да, секогаш кога тоа прилагодување е потребно
- ☐ Да, но не секогаш и сите професори го дозволуваат тоа
- ☐ Не, ова прилагодување не е овозможено

43. Дали Факултетот за студентите со попреченост на кои им е потребен тест во пристапен формат им го обезбедува тоа?

- ☐ Да, секогаш се обезбедуваат тестови во пристапен формат
- ☐ Да, но не секогаш се обезбедуваат тестови во пристапен формат
- ☐ Не, не се обезбедуваат тестови во пристапен формат

44. Дали факултетот обезбедува посебна просторија и дополнителен термин/продолжување на испитниот рок за оние студенти со попреченост на кои им е потребно тоа прилагодување?

- ☐ Да, секогаш кога тоа е потребно го обезбедува,
- ☐ Да, но не секогаш го обезбедува ова прилагодување
- ☐ Не, никогаш не го обезбедува ова прилагодување

45. Дали факултетот за време на предавањата, а особено за време на усното испрашување обезбедува знаковен толкувач за студентите за кои е потребно тоа прилагодување?

- ☐ Да, секогаш кога тоа е потребно
- ☐ Да, но не секогаш
- ☐ Не, никогаш не се обезбедува знаковен толкувач

46. Дали факултетот за студентите на кои им е потребен тренинг за ориентација и мобилност со цел самостојно движење низ факултетскиот кампус и објекти го обезбедува тој тренинг?

- ☐ Да, секогаш кога тоа е потребно
- ☐ Да, но не секогаш
- ☐ Не, никогаш не го обезбедува тоа

47. Дали имате назначено лице во службата за студентски прашања што треба да им асистира на студентите со попреченост при упис на факултет, запишување и заверка на семестар и поднесување документи за дипломирање/магистрирање/докторирање и сл.?

- ☐ Да, имаме лице што е назначено за административна асистенција на студентите со попреченост
- ☐ Не, немаме назначено лице за административна асистенција на студентите со попреченост

48. На кој начин факултетот ги финансира услугите споменати во претходните прашања? (заокружете ги сите тврдења во продолжение што се точни за вашиот факултет)

- ☐ Преку сопствениот факултетски буџет
- ☐ Преку буџетот на универзитетот на кој припаѓа
- ☐ Преку буџетот на МОН, МТСП и други државни органи
- ☐ Преку донации од домашни и меѓународни организации
- ☐ Преку сопствени средства на студентот со попреченост
- ☐ Преку донации од бизнис-заедницата
- ☐ На друг начин од споменатите

- ☐ Факултетот не обезбедува финансии туку ги користи ресурсите што ги има центарот за поддршка со кој има склучено соработка

## ѓ) Финални прашања

49. Дали факултетот во изминатите 5 години од страна на студентите со попреченост или некој друг во нивно име има добиено барање за обезбедување пристапност/специфични услуги, односно поднесена жалба, приговор, поплака и сл. до факултетот за необезбедување на пристапност/специфични услуги?

    - ☐ Да, има
    - ☐ Не, нема
    - ☐ Немаме одговор за ова прашање, бидејќи не се архивираат/чуваат такви информации

50. Дали во своите развојни планови и стратегии факултетот планира да ги следи инклузивните образовни политики на државата и во идниот период да ги подобри условите за студентите со попреченост овозможувајќи подобрена пристапност и специфични услуги за поддршка?

- ☐ Да, факултетот планира и е подготвен да ги следи инклузивните образовни политики на државата и да ги подобрува правата на студентите со попреченост
- ☐ Не, факултетот не е подготвен во догледен период да ги следи инклузивните политики на државата за подобрување на пристапноста и специфичните услуги потребни за студентите со попреченост

# ПРИЛОГ 2 - ЛИСТА НА ФАКУЛТЕТИТЕ КОИ ДОСТАВИЈА ОДГОВОРИ НА ПРАШАЛНИКОТ

1. Правен факултет – Кичево
   – Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола.
2. Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
   – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
3. Факултет за безбедност – Скопје
   – Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола.
4. Технолошко-технички факултет Велес
   – Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола.
5. Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје
   – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
6. Машински факултет – Скопје
   – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
7. Архитектонски факултет – Скопје
   – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

8. Економски факултет – Скопје
– Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

9. Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“
– Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

10. Факултет за информатички и комуникациски технологии – Битола
– Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола.

11. Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
– Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

12. Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
– Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

13. Технолошко-металуршки факултет – Скопје
– Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

14. Стоматолошки факултет – Скопје
– Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

15. Технички факултет – Битола
– Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола.

16. Филозофски факултет – Скопје
– Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

17. Педагошки факултет
– Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола

18. Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје
– Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

19. Универзитет за информатички науки и технологии Св. Апостол Павле, Охрид
20. Фармацевтски факултет
– Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
21. Факултет за драмски уметности – Скопје
– Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
22. Ветеринарен факултет – Битола
– Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола.
23. Факултет за туризам и бизнис логистика
– Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
24. Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
– Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
25. Факултет за информатика
– Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
26. Факултет за бизнис администрација
– Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
27. Факултет за физичка култура
– Универзитет во тетово
28. Факултет за прехранбена технологија и исхрана
– Универзитет во Тетово
29. Економски факултет
– Универзитет во Тетово
30. Машински факултет
– Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

31. Факултет за применети науки
- Универзитет во Тетово

32. Земјоделски и биотехнолошки факултет
– Универзитет во Тетово

33. Природно-математички факултет – Скопје
– Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

34. Правен факултет
– Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

35. Правен факултет
– Универзитет во Тетово

36. Факултет за уметности
– Универзитет во Тетово

37. Факултет за образовни науки
– Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

38. Технолошко технички факултет
– Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

39. Педагошки факултет
– Универзитет во Тетово.

40. Филозофски факултет
– Универзитет во Тетово.

# ПРИЛОГ 3:
# ЛИСТА НА ФАКУЛТЕТИ НА КОИ БЕШЕ ИЗВРШЕН ТЕРЕНСКИ УВИД ВО ФИЗИЧКАТА ПРИСТАПНОСТ

## *Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје*

1. Филозофски факултет во Скопје.
2. Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје
3. Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.
4. Економски факултет во Скопје

## *Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип*

1. Факултет за природни и технички науки.
2. Факултет за информатика.
3. Земјоделски факултет.
4. Технолошко – технички факултет.
5. Медицински факултет.
6. Машински факултет.
7. Електро-технички факултет.

## [Универзитет во Тетово]

1. Економски факултет.
2. Педагошки факултет.
3. Правен факултет.
4. Филозофски факултет.
5. Филолошки факултет.

## [Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола]

1. Педагошки факултет.

# ПРИЛОГ 4:
# ЛИСТА СО ИНТЕРВЈУИРАНИ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

1. Полио Плус – движење против хендикеп,
2. Организација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“,
3. Хендикеп плус
4. УНДП
5. РЦПЛИП-ПОРАКА
6. Национален сојуз на слепи на Република Северна Македонија
7. Национален сојуз на лица со телесен инвалидитет „Мобилност- Македонија“
8. Бравура кооператива
9. Здружение на студенти со хендикеп

